- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Закон за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на нашата држава, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат

постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Новаци, која е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет “Абрасимовец”, Новаци, предисториски, доцноантички и среден век;*
2. *Археолошки локалитет "Тумба-Селски Гробишта" , Новаци, бронзено време;*
3. *Црква "Св.Атанасие" , Новаци, 19 век.*

Во Археолошката карта на Република Македонија[1], која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентиран е локалитетот:

КО Новаци: *Тумба-Селски гробишта*, населба од бронзено време, се издига на 500m северно од селото веднаш до левата страна на патот за Добромири. Има средна големина со зачувана височина од шест метри и неправилна кружна основа.

Според Просторниот план на Република Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот *локалитет со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

– задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на

[1] МАНУ Скопје, 1996г.

спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;

- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Северна Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Пелагониски туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 25 туристички локалитети.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Новаци, КО Новаци, Општина Новаци, се наоѓа**

во простори погодни за слободни територии. Тоа се подрачја кои поради своите природни својства се тешко пристапни на оклопно-механизираните единици, надвор од урбаните агломерации и комуникации и од главните насоки на напаѓање. Овие подрачја поради слабата населеност и недоволната изграденост имаат низок степен на повредливост, заради што се погодни за формирање на слободни територии. Истовремено овие простори, кои заземаат над 50% на територијата на Републиката, заради своите географски, морфолошки и геостратегиски карактеристики се природни одбрамбени бастиони, во кои е можна успешна организација на одбраната.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата со подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Државата има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко- хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека

силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Битола.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се **поплавите**, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на **поплави** првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од поројните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби;

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот МАРС на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено

спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој Урбанистички план за село, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- Со имплементација на Урбанистичкиот план за селото ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на

планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.

- Влијанијата кои би можеле да се појават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторските области: водостопанство и водостопанска инфраструктура, заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Низ планскиот опфат за село Новаци, КО Новаци, Општина Новаци, минува постојниот 400kV преносен далновод Битола2-Солун. Мерки за заштита се наведени во секторската област: енергетика и енергетска инфраструктура.
- Планскиот опфат нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Просторот кој е предмет на разработка на Урбанистичкиот план за село Новаци нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, истото е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на проектната документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- Со имплементацијата на Урбанистичкиот план за селото не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на планскиот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за

Урбанистички план за село Новаци, КО Новаци, Општина Новаци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата,** а особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите за користење на природните ресурси;
- намената и користењето на површините;
- основите на долгорочната политика на урбанизација;
- мрежата на големата инфраструктура;
- мрежата на населби;
- определбите за заштита на животната средина, природното и културното наследство.

Во однос на намената на површините, определбите се следните:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд зони, стопаски зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Просторите во близина на пороите да се исклучуваат од зони за изградба на објекти и истите да се заштитуваат од можните излевања и наноси со предвидување на заштитни зелени површини.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на **Урбанистички план за село Новаци, КО Новаци, Општина Новаци.** Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма изнесува од 155,41 ha и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

Дефинирањето на границите на планскиот опфат, со површина на истиот, ќе се утврди со одобрената Планската програма. Се задолжува Општина Новаци, по донесување на планот, да достави информација до Агенција за планирање на просторот и Министерство за животна средина и просторно планирање за конечниот плански опфат.

Површината на планскиот опфат за кој се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 144,21 ha. За останатиот дел од планскиот опфат за Урбанистички план за село Новаци, Општина Новаци, претходно се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на:

- "Локална урбанистичко-планска документација за изградба на градби со намена Е2 – комунална супраструктура, фотоволтаична централа до 1 MW, на КП 685/2, КО Новаци вон г.р., Општина Новаци", со тех.бр.**Y09219** (со површина 3,81ha)
- "Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволаична централа, на КП 1245, м.в. "Село", КО Новаци, Општина Новаци", со тех.бр. **Y09411** (со површина 2,41ha)
- "Проект за инфраструктура за изградба на транспортен вреловод од РЕК Битола до Битола (ППТС), локални примопредавателни пумпно топлински станици за населбите Новаци и Логоварди и локална примопредавателна пумпно топлинска станица за потребите на стаклениците, КО Битола 5, КО Долно Оризари, КО Логоварди, КО Новаци, Општина Битола и Општина Новаци, со тех.бр. **Y21514** (со површина 4,84ha).

Мал дел (0,13ha) влегува во опфат на простор за кој претходно се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на "Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија на КП 1394/1-дел и КП 1394/2, КО Новаци-вон г.р., Општина Новаци", со тех.бр. **Y15318**.

Низ планскиот опфат поминуваат траси за коишто се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на:

- "Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување "Новаци" од левата страна на Црна Река во Пелагонија", со тех.бр. **Y16813**,
- "400 kV далновод од Битола до Македонско-Грчка граница", со тех.бр.**Y05006** и
- "Проект за инфраструктура за поставување на дупли електричен подземен кабел во ист ров со планирана траса во две општини, дел од Општина Битола и дел од Општина Новаци и тоа кабел I: од TS 110/10kV "Битола 3"до TS 10/0,4kV "Новаци 2" и кабел II: од TS 110/10kV "Битола 3" до 10 kV -линиски раставувач за потребите на ЕВН Македонија, КЕЦ Битола", со тех.бр.**Y21111**.

Планскиот опфат на селото се граничи со издадени Услови за планирање на просторот за изградба на станбена куќа во состав на селско стопански двор на КП 1256 КО Новаци вон.гр, Општина Новаци, со технички број Y04521.

Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Во близина на планскиот опфат издадени се следните Услови за планирање на просторот за изработка на:

- "Локална урбанистичка планска документација за изработка на Типска индустриска развојна зона на дел од КП 819/1, м.в. "Жабарник", КО Новаци, општина Новаци", со тех.бр. **Y00312**,
- "Урбанистички проект за стопански комплекс за изградба на фабрика за CO2 и екстакти од треви и билки за потребите на фармацијата, на КП 876 и дел од КП 877, Општина Новаци", со тех.бр. **Y30506**,
- "Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрана од 50 kW на КП 524 и дел од КП 526 на м.в. Слатина, КО Новаци, општина Новаци", со тех.бр. **Y27512**.

Дел од опфатот навлегува во заштитна зона на спортскиот аеродром Битола.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија**.

При изработка на Урбанистички план за село треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Реализацијата на Урбанистичкиот план за селото согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.**
- **Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**

- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат на селото.**

Заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Државата е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- При обезбедувањето на потребните количини на вода селото потребно е синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода и рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем.
- Околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување на селото да се оформат заштитни зони и да се дефинира режим на заштита во зоните.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".
- Доколку во границите на планскиот опфат на селото постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица за отпадни води или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализацискатa мрежа, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациска мрежа на селото.
- Во ВП „Пелагонија" изградени се системи за наводнување и одводнување на обработливото земјиште. Низ селото и на западната страна од планскиот опфат минуваат канали кои се дел од системите за одводнување на Пелагониското Поле. При изработката на планската документација да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и одводнување на обработливите површини и соодветно на тоа да се предвидат мерки за нивна заштита.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Низ планскиот опфат за село Новаци, КО Новаци, Општина Новаци, минува постојниот 400kV преносен далновод Битола2-Солун заради што при понатамошната изработка на урбанистичка и проектна документација треба да се почитуваат: "Законот за енергетика" (Службен весник на РМ број 96/2018, членови 203 и 204) и "Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV" (Службен лист на РМ бр.25/2019 год.).
- Планскиот опфат на село Новаци, КО Новаци, Општина Новаци нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- За селото потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна.
- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).
- Изградбата на викенд населби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.
- При изработка на планската документација да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај.

Домување

- Основна определба на станбената изградба во областа на домувањето за **Урбанистички план за село Новаци, КО Новаци, Општина Новаци**, во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности;
- Стандардите за овозможување на потребен и квалитетен станбен простор согласно ППРМ за селото треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20 - 25 m^2/жител станбена површина, 40 - 80 m^2/стан (оптимална големина), 100 % опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Јавни функции

– Организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, да поаѓа од постојната мрежа на јавните функции со запазување на пропишаните стандарди и нормативи согласно ППРМ, а под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.

Индустрија

– **Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
– **Доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.**
– **Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита.**

Сообраќајна инфраструктура

– Според Просторниот план на Република Македонија **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:

  А3 (М-5) - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа.
– Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на **регионални патишта "Р1"** и е со ознака:

  Р1311 - (Битола-врска со Р1101 -Новаци-Маково-Чаниште-Расимбегов Мост-врска со Р1107) и делница (Рапеш-Старавина-врска со Р2338).

  Р2340 - (врска со Р1101 – Добрушево - Новаци – Бач - врска со Р2238).
– **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16,152/15, 31/16 и 163/16).
– **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

– Предметната локација се наоѓа во **заштитната зона на спортски аеродром Битола кој спаѓа во секундарната аеродромска мрежа. При изработка на планската документација од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

– Планскиот опфат **за** село Новаци, КО Новаци, Општина Новаци нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
– Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

– **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистичкиот план за село Новаци, КО Новаци, Општина Новаци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
– Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
– Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.
– Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
– Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
– Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
– Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за село Новаци, КО Новаци, Општина Новаци, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2], на подрачјето на катастарската општина Новаци, има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се **наменети** Условите за планирање, **припаѓа на Пелагониски туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 25 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната**

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Новаци, КО Новаци, Општина Новаци, се наоѓа во простори погодни за слободни територии.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС,** што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за Урбанистички план за село Новаци, КО Новаци, Општина Новаци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион

Центар на микрорегион

Центри на просторно-функционални единици

Управа

Просторно-функц. единици

Граници на влијанија на макрорегион. центри

Општински центар

Образование

Средно Вишо Високо

Здравствена заштита

2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој

источна

југ-југ

севернa

север-југ

западна

Слободна економ.зона

Автопат

Магистрален пат

Регионален пат

Железничка мрежа

Воздухоплов. пристан.

Стопански аеродром

Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
639/2,639/3,639/4,639/5,639/6,639/7,640/1,640/2,641,642,643/2,643/3,643/4,643/5,643/6,644/1,
644/2,645,646,647,648/1,648/2,649,650,651,652/1,652/2,652/3,653/1,653/2,653/3,653/4,654/1,
654/2,655/1,655/2,656,657,658,659,660,661/1,661/2,661/3,661/4,662,663,664/1,664/2,664/3,
665,666,667,668,671,672,673,674,675/1,675/2,675/3,675/4,675/5,676,677,677/2,678/1,678/2,
679,679/1,680/1,680/2,681/1,681/2,682/1,682/2,683,684/1,684/10,684/11,684/2,684/3,684/4,
684/5,684/6,684/7,684/8,684/9,685/1,685/2,685/3,686,687,846,868,869,870,871,872,873/1,
873/2,874/1,874/2,875,916,917/1,917/2,917/4,921/1,921/2,922/1,922/2,922/3,923,924,925,
926,927,928,929,930,931,932,933,934,935,936,937,938,939,940,941,942,943,944,945,946,

947,948,949,950,951/1, 951/2,952/1,952/2,953,954,955,956,957/1,957/2,958,959/1,959/2, 959/3,959/4,960/1,960/2,961,962/1,962/2,963,964,965,966,969,970,971,980,980/1,981,982/1 982/2,983,984/1,984/2,984/3,985/1,985/2,985/3,986,988/1,988/2,988/3,989,990,991,993,994, 995/1,995/2,996/1,996,997/1,997/2,997,997/4,998/1,998/2,999

в) ***Други релевантни податоци***

Во прилог на барањето до НУ Завод и музеј Битола за изработка на овие заштитно конзерваторските основи доставени се:

- Одлука за отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план за село Новаци бр.14-95/6 од 31.01.2022г.
- ПЛАНСКА ПРОГРАМА Урбанистички план за село Новаци општина Новаци со тех. бр. 0801-08-12/21 од 12/2021г. изработена од ДООЕЛ в ИВАНОВ ИНЖЕНЕНЕРИНГ в - Битола.
- РЕШЕНИЕ бр. 09-194/2 од 16.02.2022 г. со кое се одобрува Планската програма

Урбанистичкиот план за село Новаци, како плански развоен документ треба да го постигне следното :

- Оформување на урбанистичка функционална целина која ке претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;
- Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи од повисоко ниво ;
- Оптимално димензионирање на системите од комуналната инфраструктура ;
- Услови за хумано живеење и работа на населението ;
- Обезбедување на услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето (како необновлив ресурс) и системите на инфраструктурата ;
- Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот ;

3. *ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА*

3. 1. Инвентар на незаштитени добра

1.

назив	Црква Св.Атанасиј
локација	С.Новаци
адреса	С.Новаци
катастарска парцела	КП 1500
граници	Во границите на парцелата 1500
Степен на зачуваност	Лоша
Класификација на доброто	*Класа* 1 Недвижно културно наследство *Вид:* 1.1 Споменик *Група:* 1.1.1 верски објекти *Подгрупа* 1.1.1.3сградби на христијанската религија *Тип* 1.1.1.3.1 Црква

2.

назив	Основно училиште Славко Лумбарковски (стар и нов објект)
локација	С. Новаци
адреса	С.Новаци
катастарска парцела	КП 1498
граници	Во границите на парцелата 1498
Степен на зачуваност	Средна
Класификација на доброто	*Класа* 1 Недвижно културно наследство *Вид:* 1.1 Споменик *Група:* 1.1.2 цивилни објекти *Подгрупа* 1.1.2.7 објекти на културата,науката и образованието Тип 1.1.2.7.14 училиште



Спомен биста на Славко Лумбарковски (1922-1944) поставен во дворот на основното училиште во село Новаци кое го носи неговото име

Споменикот ќе се третира во согласност со Законот за меморијални споменици и спомен обележја.

Напомена:

Тумба „Селски Гробишта“ , село Новаци , општина Новаци со координати: 41° 2'55.02"N 21°27'13.79"E **се наоѓа во близина, но надвор од опфатот,** предмет на обработка на овие конзерваторски основи.



Од предисторијата до денес Пелагонија, претставува една од најплодните житници во Македонија, поради што разни популации биле привлечени да се населат во овој регион. На тој начин се формирале бројни предисториски, антички, средновековни и модерни населби кои се развиле во културни центри во своето време. Оваа традиција започнала во неолитот, кога пред 8000 години првите земјоделски заедници кои ги населиле плодните пелагониски полиња и го иницирале процесто на доместикација, како на житариците и животните, така и на сопствената општествена улога. Првите земјоделци ги формирале своите села на мали природни возвишенија кои со континуираното живеење добиле карактер на тумби. Лоцирани близу до нивите и мочуриштата, тумбите биле безбедно место за повеќе генерации да егзистираат во благосостојба, која пак овозможува процут во доменот на културата, економијата и верувањата. Овие вештачки формирани ридчиња се суштински поврзани со почетокот на замјоделството и континуираниот живот во определена на една заедница. Тоа се темели на лесниот пристап до прехрабени ресурси и можноста за нивно долготрајно акумулирање. Ваквите економски придобивки ќе предизвикаат општествени промени кои ќе ги формираат првите земјоделски заедници, и кои со помали или поголеми локални модификации, ќе станат стабилни неколку стотици или илјадници години. Тоа покажува дека земјоделците што ги формирале овие населби повеќе преферирале рамничарски предел, отколку ридско-планински региони, така што го имале предвид и присуството на мочуриштата во близина на нивните населби. Тоа се темели на економските мотиви за формирањето на земјоделските села по котлините, односно на брзиот пристап до плодна почва во која можеле да ги одгледуваат житариците, но и полесно да ја носат стоката на пасење и поење. Близината на мочуриштата формирани од изливањето на реките, имале значителен економски ефект и обезбедувала поголем простор. Ваков тип на тумба од праисторискиот период претставува и локалитетот „Тумба Селски Гробишта“, село Новаци.

Опис на тумбата

Локалитетот „Тумба Селски Гробишта“ се наоѓа во пелагониската рамница во атарот на селото Новаци. Локалитетот е регистриран во „Археолошка карта“ како праисториски локалитет од бронзено доба. Лоциран на околу 500 м северно од селото, веднаш од левата страна на патот Новаци - Добромири. Тумбата е со средна големина, со развлечен облик и неправилна кружна основа со висина од 5,5 - 6,0 м. За време на Првата Светска војна локалитетот претрпува оштетувања особено на горните археолошки слоеви. На самата тумба се наоѓаат селските гробишта и еден објект - капела. Со рекогносцирања кои се одвивале во текот на 1957 година од страна на стручна екипа при „НУ Завод и Музеј, Битола“, на локалитетот се пронајдени бројни керамички фрагменти и орудија од камен кои укажуваат на постоење на населба од бронзено време.

Тумбата е лоцирана северно од селото Новаци, и е надвор од подрачјето на опфатот за изработка на Заштитно конзерватоски основи за потребите на урбанистички план за село Новаци.

4. Проценка на општата состојба на подрачјето на опфатот

Анализа на постојна состојба

Подрачјето на опфатот на УП за село Новаци, општина Новаци се наоѓа во средишниот дел на Битолското поле, на исток од градот Битола. Во самото село, но и околу него, нема остатоци на старини. Во него нема ни староседелско население, со што се потврдува дека денешното село не е старо село. Подрачјето на опфатот го сочинуваат претежно нови објекти .

Надлежни субјекти за заштита и управување со споменичкото наследство, се: Управата за заштита на културното наследство (Министерство за култура на Република Македонија), НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола, како и сопствениците и корисниците на објектите кои се или ке будат заштитено добро.

Степен на негова зачуваност односно оштетеност

Зачуваноста на споменичкото наследство во опфатот се карактеризира со постојна физичка структура како на објектот на црквата Св. Атанасиј, кој заслужува да биде ставен под заштита и е предмет на обработка во овие заштитно конзерваторски основи, така и на двата објекти / стар и нов / на училиштето.

Имајќи го во предвид горе наведеното, и покрај фактот што објектот на црквата е во лоша состојба, сепак може да се каже дека е висок степенот на зачуваност на нејзината автентичноста, како и на автентичноста на двата училишни објекти.

Улога во губењето на културното наследство има и не извршената валоризација и ревалоризација на добрата / и тоа поради недостаток на кадар и финансиски средства /, не истраженоста на археолошките локалитети и немањето на соодветна планска документација на сите населени места.

Претходни конзерваторски интервенции

Во границите на опфатот кој е предмет на овие заштитно конзерваторски основи, во изминатиот период не се вршени конзерваторски интервенции од страна на надлежните институции.

Оспособеност за ефективно користење

Оспособеноста за ефективно користење е условена од карактеристиките и постојните услови на просторот. Подрачјето на опфатот го сочинуваат претежно нови објекти .

Воглавно објектите се од станбен карактер. Во селско - стопанските дворови, освен станбените објекти се наоѓаат и помошни објекти како плевна, говедарник, кокошарник, кочина, за потребите на нивниот начин на живот.

Ефективното искористување на просторот на опфатот би се овозможило со почитување и спроведување на пропишаните параметри од заштитниот режим за предметниот опфат.

Спроведувањето на овие зафати се наложува како регулатива на неопходни мерки со кои ќе се обезбедат непречено согледување и афирмација на објектите валоризирани како културно наследство, кои се иницирани како базична структура за ефективното искористување на просторот во опфатот.

Инфраструктура

Новаци е големо село, сместено во средишниот дел на Битолското поле и претставува седиште на истоимената општина.Се наоѓа на регионалниот пат 1311, кој води за битолскиот дел на Мариово. Низ селото поминува и регионалниот пат 2340 кој се движи низ Пелагонија. Селото е рамничарско, на надморска височина од 576 метри. Од градот Битола е оддалечено 11 километри.

Патната мрежа во Регионот кон кој припаѓа село Новаци, ја сочинуваат: магистралните, регионалните и локалните патишта. Со магистралниот пат бр. 26 Скопје-Кичево-Охрид-Ресен-Битола-граница со Грција и Скопје-Велес-Прилеп-Битола-Ресен, и регионалниот пат Прилеп, Битола, Макази, Царев Двор, Стење - албанска граница, просторот на регионот е поврзан со другите региони на РМ и соседните држави, а едновремено и со најважните патишта.

Воздушениот сообраќај во регионот се одвива преку постојниот аеродром во Охрид, истиот со мали интервенции би можел да ги опслужува скоро сите типови на летала. Овој аеродром, освен со Охрид и Струга, има поврзаност и со Ресен и Битола, а со тоа и со туристичките места.

Објектите кои се наоѓаат во опфатот, се електрифицирани, а има и водоводна и канализациона мрежа. Од електронска и телекомуникација постои интернет, фиксна и мобилна телефонска мрежа.

Надлежни субјекти за заштита и управување со споменичкото наследство

Надлежни субјекти за заштита и управување со споменичкото наследство, се: Управата за заштита на културното наследство (Министерство за култура на Република Македонија), НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Битола и локалната самоуправа како надлежна за просторното и урбанистичкото уредување на градот и селата во склоп на Општина Битола, како и сопствениците и корисниците на објектите кои се или ќе бидат заштитено добро.

Анализи на сите релевантни аспекти на уредувње на просторот:

- Главната селска улица во опфатот на село Новаци, всушност е патот Битола - Мариово, додека останатите селски улици се помали и формираат помали блокови во селската населба и водат до секоја парцела.

- Селото Новаци претставува селска населба од збиен тип, со овален облик, која се протега во правец запад - исток.
- Архитектонскиот концепт на објектите во текот на нивната градба бил прилагоден кон нивната функција и значење.
- Градбите од аспект на идентификација на културно историското наследство во границите на опфатот, според архитектонските карактеристики ги вбројуваме во типот црква и училиште.
- Архитектонските карактеристики на објектите во рамките на опфатот се разновидни во зависност од функцијата. Сочуваниот автентичен градежен фонд на објектите се со различен степен на оштетеност.
- Причините за пропаѓањето на овие објекти се: староста на објектите, квалитетот и трошноста на градежниот материјал, како и различните деструктивни влијанија заради несоодветно одржување, со неадекватни санациони зафати и сл.
- Селото Новаци е лоцирано на 11 километри од градот Битола и е сместено во средишниот дел на Пелагонија.
- Објектите присутни во рамките на опфатот, со оглед на местоположбата, наменската функција и застапеност на објектите од јавен карактер, се со ограничен опсег на можности, во делот на услужни дејности.

Јавни објекти, отворени јавни простори и зелени површини

Јавни објекти во границите на опфатот: општинска зграда, основно училиште, пошта, детска градинка, спортска сала, противпожарна станица, полициска станица, амбуланта, и ветеринарна станица;

Отворените јавни простори во граници на опфатот се: отворениот простор во склоп на училиштето;

Јавни зелени површини во рамките на опфатот: просторот пред општинската зграда;

Сакрални објекти - во границите на опфатот е црквата Св. Атанасиј

Урбоморфолошка анализа :

Новаци е големо полско село распослано долж патот Битола - Мариово.

На планот на опфатот јасно може да се идентификува селото кое претставува населба од збиен тип, поделено на три маала: Горно, Долно и Горни Куќи. Првите две маала се едно до друго и се постариот дел од селото, додека маалото Горни куќи е малку издвоено кон исток. Во самото село, но и околу него нема остатоци од старини.

Главната селска улица всушност е патот Битола Мариово.

Останатите селски улици се помали и формираат помали блокови во селската населба и водат до секоја парцела.

Градежен фонд *- в*о границите на споменатиот опфат е третиран објектот на црквата Св. Атанасиј и двата / стар и нов / училишни објекти.

Архитектонско – техничка анализа

катност, конструктивен систем, градежен материјал, типови на кровови, кровен покривач, ритам на отвори и карактеристични елементи на фасадите

Во селото Новаци, како и во останатите рамницарски села во регионот на Пелагонија, застапен тип објекти за живеење во форма на буквата Г, со различни димензии на основата / поголеми и помали, најчесто приземни или сутерен и приземје.

Карактеристика на овој вид на објекти е отворениот но наткриен влезен трем / некаде равен со земјата, некаде издигнат со две - три скалички.Објектите се градени во периодот 50 - 60 години на минатиот век. Покривањето кај објектите наменети за живеење е исклучително со керамида, додека кај помошните објекти или објекти кои се користат за некои услужни дејности, може да се сретне покривање со салонит или лим.

Во границите на опфатот како постари објекти се црквата, двете згради на уцилиштето и објектот на млинот / кој е моментално во полуразрушена состојба./

Објектите воглавно се призмени, или сутерен и приземје, и имаат богата програмска содржина.

Во селско-стопанските дворови, освен станбените објекти се наоѓаат и бројни помошни објекти: плевна, говедарни, кокошарник, кочина, а надвор од него често се сместени трлата, воденицте и селските казани за варење ракија.

Анализа на развојни потреби потенцијали и можности

Согледувања кои се однесуваат на привлечноста на ревитализацијата, оспособеноста за користење на споменичкото наследство како фактор на одржливиот развој (од аспект на културниот туризам кон барањето за нови пропратни функции со адаптација на просторот во опфатот, со сочувување на неговиот традиционален начин на функционирање и сл.)

Институциите кои се грижат за заштитата на културното наследство апелираат заштитата да не биде сфатена како кочница на урбаниот развој на просторот на опфатот, туку треба да се нагласи дека токму културата и културното наследство на едно подрачје се двигатели кои нудат поголем број на можности за развој на истите и соодветно на принципите на заштитата се настојува да овозможи реализација на барањата во рамките на заштитниот режим.

Проценка на влијанијата

Во периодот на социјалистичкото уредување со промената на условите во општеството се промени и состојбата на културното наследство.

Слободното толкување на општинските нормативи, и непостоењето на урбанистички планови во периодот некаде околу 70-80 години на минатиот век доведе до стихијна изградба на објекти на подрачјето на опфатот .

Допринос кон денешната ситуација даде и миграцијата село-град, т.е. напуштањето на објектите, т.е. нивното оставање на забот на времето.

Меѓутоа со новиот Закон за заштита на културното наследство и со правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно конзерваторските основи за културното наследство дадени се патоказите за разрешување на сложената проблематика во ваквите урбани средини.

Со предложените мерки на заштита се предлагаат насоки за понатамошното урбанистичко планирање во границите на опфатот. Постапувањето според насоките во заштитно конзерваторските основи обезбедува донесување на плански решенија кои нема да бидат во спротивност со законските акти од доменот на наследството, што ќе овозможи услови за нивна соодветна идна имплементција.

5. *МЕРКИ НА ЗАШТИТА*

5.1 *ВАЛОРИЗАЦИЈА*

Валоризацијата која следува во прилог е изготвена врз основа на теренските истражувања за потребите за изработка на урбанистичкиот план за село Новаци, Општина Новаци.

Со оваа валоризација, се врши усогласување со постојните законски прописи, според усвоената методологија со Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културното наследство.

Валоризација во опфатот на Урбанистички план за село Новаци, се однесува на постојната ситуација. На подрачјето на опфатот, се предлага објект на црквата Св. Атанасиј, да се здобие со статус предлог.

Р. бр. **1.**	 
назив	Црква Св.Атанасиј с.Новаци
локација	Село Новаци
адреса	Село Новаци
катастарска парцела	КП 1500
опис на содржините	црква
граници	Во границите на КП 1500
површина на добро	133м2 (габарит)
Автор	Непознат
време на настанување	Живописана 1868 год. градена во прва половина на 19 век.

Образложение:

Архитектонско стилски особености:
Црквата Св.Атанасиј во С.Новаци е главна селска црква и се наоѓа во западниот дел на селото во непосредна близина на основното училиште.Градбата на црквата има правоаголна основа со полукружна апсида на источната страна.Главниот влез се наоѓа на западната страна и над него има ниша со фреска на кој е представен Св.Атанасиј.На западната страна има отворена припрата,а западниот зид од надворешната страна околу главниот влез во целост е живописан.Црквата има и спореден влез на јужната страна.Камбанаријата се издига над северозападниот агол од црквата на која има по еден правоаголен прозорец на секоја страна.Објектот е обоен во бела боја со ниско црно цокле и е покриен со ќерамиди.
Во дворот на црквата се наоѓаат и други помошни објекти градени за потребите на населението како трпезарија,базен за верски обреди,камбанарија и гроб.Црквата е градена во прва половина на 19 век а е живописана во 1868 година запишана над бочниот влез во црквата.
Внатрешноста на црквата како и нејзиниот живопис (кој е карактеристичен за цркви градени во овој период) се доста оштетени како резултат на нејзино неодржување влага и други влијанија како и земјотреси кои го погодувале и го погодуваат овој регион па во иднина потребно е да се превзематмерки на заштита на истиот ,а во согласност со важечката законска регулатива.

конструктивен систем и употребени материјали
Масивен систем на градба
претходни интервенции
на објектот предходно е интервенирано
поранешна и сегашна намена
Црква
степен на зачуваност
Лоша

Контактна зона на црквата Св.Атанасиј - со статус предлог се КП 1499 и 1498 / парцела на училиштето /
Контактната зона ги има следните граници:

- север КП 1504; 1505; 1497
- запад КП 1507; 1501; 1502
- исток - југ осовина на ул.со КП 1491
- југ осовина КП 2007

Напомена:

Согласно на Законот за заштита на културното наследство за предложениот објект, во законскиот рок, ќе бидат изработени единечни елаборати за валоризација.

Објекти кои имаат некаков придонес во историскиот амбиент

Р. бр. **2.**	
назив	Училиште Лумбарковски Славко (нова зграда)
локација	С.Новаци
адреса	С.Новаци
катастарска парцела	КП 1498
опис на содржините	Образование
граници	Во граници на КП 1498
површина на добро	534 м2(нова зграда)
автор	Непознат
време на настанување	Втора половина на 20 век (нова зграда)

Образложение:

Архитектонско стилски особености:
На парцелата 1498 се наоѓаат два објекти независни еден од друг и градени во различни временски периоди.Основното училиште Славко Лумбарковски е едно од најстарите училишта во Пелагониската котлина. Објектите се сместени во западниот дел од селото во непосредна близина на црквата.
Училиштето го носи името на Народниот борец Славко Лумбарковски и неговата спомен биста се наоѓа во дворот на училиштето. Во 1957 год заради големиот број на ученици како од
Новаци така и од околните села се наметнала потребата за решавање на просторните услови за работа на училиштето.
Новоизградена училишна зграда која има два ката градена во втората половина на 20 век, истиот со својот изглед и големина ги има сите карактеристики за ваков тип објекти

конструктивен систем и употребени материјали
масивен систем на градба
претходни интервенции
На објектот има предходни интервенции
поранешна и сегашна намена
образование
степен на зачуваност
средна

Објекти кои се неутрални во историскиот амбиент

Р. бр. **2.**	
назив	Училиште Лумбарковски Славко (стара зграда)
локација	С.Новаци
адреса	С.Новаци
катастарска парцела	КП 1498
опис на содржините	Образование
граници	Во граници наКП 1498
површина на добро	256м2. (габарит) стара зграда
автор	Непознат
време на настанување	Прва половина на 20 век(1934) год.стара зграда

Образложение:

Архитектонско стилски особености:
На парцелата 1498 се наоѓаат два објекти независни еден од друг и градени во различни временски периоди.Основното училиште Славко Лумбарковски е едно од најстарите училишта во Пелагониската котлина. Објектите се сместени во западниот дел од селото во непосредна близина на црквата.
Училиштето го носи името на Народниот борец Славко Лумбарковски и неговата спомен биста се наоѓа во дворот на училиштето. Во 1957 год заради големиот број на ученици како од
Новаци така и од околните села се наметнала потребата за решавање на просторните услови за работа на училиштето.

Старата згада Објектот е граден во 1934 год.Истиот е приземен објект кој ги има сите карактеристики на објект во времето во кој е граден.

конструктивен систем и употребени материјали
масивен систем на градба
претходни интервенции
На објектот има предходни интервенции
поранешна и сегашна намена
образование
степен на зачуваност
средна

5.2 РЕВАЛОРИЗАЦИЈА

На подрачјето на опфатот нема објекти за ревалоризација:

5.3 КАТЕГОРИЗАЦИЈА

(според извршена валоризација)

За објектот на црквата Св.Атанасиј, согласно извршена валоризација, се предлага категорија значајно културно наследство.

Улица и (КП)	**Категорија според загрозеност**	**Категорија според значење**	**Илустрација**
1.ЦрквaСв.Атанасиј С. Новаци **КП .1500**	Значајно културно наследство	Загрозено	

5. 4. Режим на заштита

Подрачјето на опфатот на ***УП за село Новаци - општина Новаци*** е поделено на три дела и тоа:

- КП 1500 / локација на црква Св. Атанасиј со статус на предлог /
- контактна зона и
- зона без дејство на заштита

ЗОНИ НА ЗАШТИТА

Во просторот на опфатот на УП за село Новаци, заради обезбедување на состојбата на културното наследство, со дефинирање на заштитен режим се утврдуваат следните зони на заштита:

- Во опфатот на УП за село Новаци за КП 1500 / локација на црква Св. Атанасиј со статус на предлог / и контакт**ната** зона се предлага - **ЗОНА НА ОГРАНИЧЕНА (гарантирана) ЗАШТИТА.**

5. 5 СТЕПЕНИ НА ЗАШТИТА

за подрачјето на опфатот на УП за село Новаци

- Во опфатот на УП за село Новаци, за КП 1500 / локација на црква Св. Атанасиј со статус на предлог / се пропишува ***втор*** (2) ***степен на заштита.***
- За контактната зона се пропишува ***трет*** (3) ***степен на заштита.***

Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се почитуваат следните општи мерки на заштита:

- Сите превземени мерки на заштита во опфатот се одредуваат според вредностите дефинирани со валоризација и категоризација на објектите, и се изведуваат под надзор од надлежната институција.
- Ревитализацијата е определена во зависност од пропишаниот режим на заштита, а воведувањето на нови функции се сообразува според можностите на зоната.

  - На постојните зони и тоа : КП 1500 - локација на црква Св. Атанасиј со статус на предлог, и контактната зона / во опфатот на *село Новаци* / не се дозволени никакви интервенции без заштитно-конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

  - На постојниот објект на црквата Св. Атанасиј кој се наоѓа во КП 1500 на заштитената зона и е предвиден да добие статус на заштитено добро, не се дозволени никакви интервенции без согласност на надлежна институција.

  - При обликувањето на надворешниот изглед на објектите, во опфатот на заштитеното подрачје да се користат природни и автентични материјали, а се препорачува и користење на традиционалните начини на градба.

  - При планирањето на било каква припремна градежна активност, како законска одредба согласно чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМбр.20/04г.) во случај ако се откријат културни слоеви и наоди од претходно живеење, веднаш да се извести надлежната установа /НУ Завод и музеј - Битола/.

Од аспект на заштита на културното наследство подрачјето на опфатот кое подлежи под (2) втор степен на заштита, треба да се почитуваат следните насоки:

- Режимот на заштита од втор (2) степен, се однесува на објектот на црквата Св. Атанасиј, категоризиран како значајно културно наследство, во зоната на ограничена, односно гарантирана заштита. На објектот црква Св. Атанасиј се дозволува конзервација, реставрација, реконструкција на одредени делови и санација, согласно законската регулатива
- Работите на непосредна заштита не смеат да бидат во спротивност со целите на заштитата и изворниот карактер на добрата.
- При изработката на Урбанистички план за с.Новаци, во посебните одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата во зоните на заштита, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство.
- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши ревалоризација на локалитетот, со утврдување на

неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен заштитен режим.

- Режимот на заштита од (3) трет степен, подразбира ограничувања во поглед на габаритот и катната висина на објектите во контактната зона како и прилагодување на архитектонскиот израз кон наследената рурална архитектура и традиционалните материјали и техники на градба.

- Преземањето на мерки на непосредна заштита на постојните објекти во состав на контактната зона се врши врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната установа за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Поединечни заштитени добра

(режим на заштита од втор степен)

Зачувување на изворната состојба на објектот на црквата Св. Атанасиј

Улица и (КП)	**Режим на заштита (степен)**	**Опис на интервенции**	**Илустрација**
1. **1.ЦрквaСв.Атанасиј с. Новаци** **Кп .1500**	втор степен	Зачувување на неговата постојна состојба / конзервација, реставрација, реконструкција на одредени делови и санација /	

Со режимот на заштита од втор (2) степен, се предлагаат мерки на зачувување на постојната сосотојба и секој друг вид директна интервенција на заштитените добра што се преземаат во јавен интерес според чл.11 точ.27 од од Законот за заштита на културното наследство.

Согласно Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно - конзерваторските основи за културно наследство (Сл.В.РМ бр.113/2021) со пропишаните интервенции се планира постојната структура да се зачува во постојна состојба.

6. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ

6. 1. Насоки за вградување на основите во текстуалниот приказ

Во текстуалниот дел од планските документи, треба интегрално да се користат податоците од текстуалниот/аналитичкиот дел кои се претставени со графичкиот дел, како содржина на заштитно конзерватоските основи во вид на показатели за различни аспекти од идентификацијата, инвентаризацијата, оценката на состојбата, анализите, валоризацијата, категоризација, предложените мерки за заштита и вклучително со режимот за заштита.

6. 2. Насоки за вградување на основите во графичките прикази на урбанистичките планови

При изработка на урбанистичкиот план за село Новаци, показателите од валоризацијата, категоризација, режимот и предложените мерки за заштита (претставени во графичкиот дел од заштитно конзераваторските основи) се третираат како документациска основа за соодветен третман на подрачјето на опфатот во делот од заштитниот режим и другите синтезни показатели.

Уредување или изградба на нови објекти на локациите под одредени услови

Уредувањето или евентуалната изградба на нови објекти на локациите, треба да се одвива согласно на сите позитивни законски прописи, во согласност со параметрите утврдени со пропишаниот заштитен режим.

6. 3. Параметри за заштита на споменичкото наследство изразени во форма на заштитно конзерваторски услови:

Параметри во однос на просторот кој е предмет на опфат

По однос на постојните објекти во опфатот на УП за село Новаци и се предложени да добијат статус на заштитено добро, како и објектите кои придонесуваат за вредностите и неутралните објекти, за нивниот амбиентален изглед во изворна состојба ќе важат пропишаните услови кои се изразени во форма на заштитно конзерваторски услови.

Поединечни објекти со статус на заштитено добро (значајно културно наследство)

- црква Св. Атанасиј

заштитно конзерваторски услови:

- На предметниот објект на црквата Св.Атанасиј село Новаци, не смее да се преземаат никакви градежни зафати без предходен увид и одобрение од надлежната установа за заштита на културно наследство.
- Планираните мерки на непосредна заштита ке бидат определени согласно законската регулатива од страна на надлежната установа .

Објекти кои имаат некаков придонес во историскиот амбиент

- Училиште Лумбарковски Славко (стара зграда)

заштитно конзерваторски услови:

- На предметниот објект на училиштето Лумбарковски Славко (стара зграда), не смее да се преземаат никакви градежни зафати без предходен увид и одобрение од надлежната установа за заштита на културно наследство.
- Објектот мора да го задржи својот надворешен изглед, фасади, елементи од второстепена пластика, влезови и постоечки отвори. При зафати на тековно одржување, санација или реконструкција на кров, да се сочува постојната висина на кровен венец, постојните нагиби и кота на слеме, а покривањето да биде со ќерамида.
- Планираните мерки на непосредна заштита на објектот се одредени согласно законската регулатива од страна на надлежната установа.

Објекти кои се неутрални во историскиот амбиент

- Училиште Лумбарковски Славко (нова зграда)

заштитно конзерваторски услови:

- На предметниот објект на училиштето Лумбарковски Славко (нова зграда), не смее да се преземаат никакви градежни зафати без предходен увид и одобрение од надлежната установа за заштита на културно наследство.
- Се препорачува објектот да го сочува својот надворешен изглед, фасади и габарит.

ВИД НА ОСНОВИТЕ	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТОТ	ГРАНИЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021/2026г.
СОДРЖИНА	ИДЕНТИФИКАЦИЈА
ПРИКАЗ	УП за *с.Новаци*
ПОДЛОГА	ажурирана геодетска подлога

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола		Заштитно конзерваторски основи	Тех.бр.пред. 08-68/2
		ИНВЕСТИТОР ОПШТИНА НОВАЦИ	
Изработил	дипл.инж.арх.советник конзерваторЈ.Миленкова	ЗКО за УП за с.Новаци	
Соработник	дипл.ист.умет.советник конзерватор Н.Георгиева		
Раководител	дипл.инж.арх.советник конзерваторЗ.Алтипармаков	ЦРТЕЖ ИДЕНТИФИКАЦИЈА	РАЗМЕР 1: 2500
ДИРЕКТОР	М.Стојанова		
ДАТУМ	март 2022г.	ФАЗА Нацрт план	ЛИСТ 1

ВИД НА ОСНОВИТЕ	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТОТ	ГРАНИЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021/2026г.
СОДРЖИНА	ИДЕНТИФИКАЦИЈА
ПРИКАЗ	ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА
ПОДЛОГА	УП за *с.Новаци*

ЛЕГЕНДА

ОЗНАКА	ЗНАЧЕЊЕ
	граници на опфатот
	парцели и објекти со културно историски вредности од аспект на заштита

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола		Заштитно конзерваторски основи	Тех.бр.пред. 08-68/2
		ИНВЕСТИТОР ОПШТИНА НОВАЦИ	
Изработил	дипл.инж.арх.советник конзерваторЈ.Миленкова	ЗКО за УП за с.Новаци	
Соработник	дипл.ист.умет.советник конзерватор Н.Георгиева		
Раководител	дипл.инж.арх.советник конзерваторЗ.Алтипармаков	ЦРТЕЖ ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА	РАЗМЕР 1: 2500
ДИРЕКТОР	М.Стојанова		
ДАТУМ	март 2022г.	ФАЗА Нацрт план	ЛИСТ 2

ВИД НА ОСНОВИТЕ	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТОТ	ГРАНИЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021/2026г.
СОДРЖИНА	ИДЕНТИФИКАЦИЈА
ПРИКАЗ	НЕЗАШТИТЕНИ ДОБРА
ПОДЛОГА	УП за *с.Новаци*

ОЗНАКА	ЗНАЧЕЊЕ
	граници на опфатот
	незаштитени добра (заслужуваат да бидат стевени под заштита)
	незаштитени археолошки локалитети

ПРЕДЛОГ - заштитени објекти	
Црква Св.Атанасиј	КП 1500

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола		Заштитно конзерваторски основи	Тех.бр.пред. 08-68/2
		ИНВЕСТИТОР ОПШТИНА НОВАЦИ	
Изработил	дипл.инж.арх.советник конзерваторЈ.Миленкова	ЗКО за УП за с.Новаци	
Соработник	дипл.ист.умет.советник конзерватор Н.Георгиева		
Раководител	дипл.инж.арх.советник конзерваторЗ.Алтипармаков	ЦРТЕЖ ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА - НЕЗАШТИТЕНИ ДОБРА	РАЗМЕР 1: 2500
ДИРЕКТОР	М.Стојанова		
ДАТУМ	март 2022г.	ФАЗА Нацрт план	ЛИСТ 3

ВИД НА ОСНОВИТЕ	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТОТ	ГРАНИЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021/2026г.
СОДРЖИНА	ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА
ПРИКАЗ	ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ
ПОДЛОГА	УП за *с.Новаци*

ЛЕГЕНДА

ОЗНАКА	ЗНАЧЕЊЕ
	граници на опфатот
	ОБЈЕКТИ оформени во својот изглед во XXв.
	ОБЈЕКТИ оформени во својот изглед во прва половина XXв.
	ОБЈЕКТИ оформени во својот изглед во втора половина XXв.

ПРЕДЛОГ - заштитени објекти	
Црква Св.Атанасиј	КП 1500

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола		Заштитно конзерваторски основи	Тех.бр.пред. 08-68/2
		ИНВЕСТИТОР ОПШТИНА НОВАЦИ	
Изработил	дипл.инж.арх.советник конзерваторЈ.Миленкова	ЗКО за УП за с.Новаци	
Соработник	дипл.ист.умет.советник конзерватор Н.Георгиева		
Раководител	дипл.инж.арх.советник конзерваторЗ.Алтипармаков	ЦРТЕЖ ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА -историски развој	РАЗМЕР 1: 2500
ДИРЕКТОР	М.Стојанова		
ДАТУМ	март 2022г.	ФАЗА Нацрт план	ЛИСТ 5

ВИД НА ОСНОВИТЕ	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТОТ	ГРАНИЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021/2026г.
СОДРЖИНА	ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА
ПРИКАЗ	НАМЕНА НА ОБЈЕКТИ
ПОДЛОГА	УП за *с.Новаци*

ЛЕГЕНДА

ОЗНАКА	ЗНАЧЕЊЕ
	граници на опфатот
	јавни објекти
	сакрални објекти
	образовни објекти
	помошни објекти

ПРЕДЛОГ - заштитени објекти

Црква Св.Атанасиј	КП 1500

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола		Заштитно конзерваторски основи	Тех.бр.пред. 08-68/2
		ИНВЕСТИТОР ОПШТИНА НОВАЦИ	
Изработил	дипл.инж.арх.советник конзерваторЈ.Миленкова	ЗКО за УП за с.Новаци	
Соработник	дипл.ист.умет.советник конзерватор Н.Георгиева		
Раководител	дипл.инж.арх.советник конзерваторЗ.Алтипармаков	ЦРТЕЖ ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА - намена на објекти	РАЗМЕР 1: 2500
ДИРЕКТОР	М.Стојанова		
ДАТУМ	март 2022г.	ФАЗА Нацрт план	ЛИСТ 6

ВИД НА ОСНОВИТЕ	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТОТ	ГРАНИЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021/2026г.
СОДРЖИНА	ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА
ПРИКАЗ	ВИДОВИ НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО по видови и групи
ПОДЛОГА	УП за *с.Новаци*

ЛЕГЕНДА

ОЗНАКА	ЗНАЧЕЊЕ
	граници на опфатот
	споменик
	ВЕРСКИ ОБЈЕКТ
	исзаштитени археолошки локалитети

ПРЕДЛОГ - заштитени објекти	
Црква Св.Атанасиј	КП 1500

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола		Заштитно конзерваторски основи	Тех.бр.пред. 08-68/2
		ИНВЕСТИТОР ОПШТИНА НОВАЦИ	
Изработил	дипл.инж.арх.советник конзерваторЈ.Миленкова	ЗКО за УП за с.Новаци	
Соработник	дипл.ист.умет.советник конзерватор Н.Георгиева		
Раководител	дипл.инж.арх.советник конзерваторЗ.Алтипармаков	ЦРТЕЖ ВИДОВИ НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО	РАЗМЕР 1: 2500
ДИРЕКТОР	М.Стојанова		
ДАТУМ	март 2022г.	ФАЗА Нацрт план	ЛИСТ 4

ВИД НА ОСНОВИТЕ	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТОТ	ГРАНИЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021/2026г.
СОДРЖИНА	ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА
ПРИКАЗ	КАТНОСТ НА ОБЈЕКТИ
ПОДЛОГА	УП за *с.Новаци*

ЛЕГЕНДА

ОЗНАКА	ЗНАЧЕЊЕ
	граници на опфатот
	катност П
	катност П + 1
	катност П + 2

ПРЕДЛОГ - заштитени објекти	
Црква Св.Атанасиј	КП 1500



НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола		Заштитно конзерваторски основи	Тех.бр.пред. 08-68/2
		ИНВЕСТИТОР ОПШТИНА НОВАЦИ	
Изработил	дипл.инж.арх.советник конзерваторЈ.Миленкова	ЗКО за УП за с.Новаци	
Соработник	дипл.ист.умет.советник конзерватор Н.Георгиева		
Раководител	дипл.инж.арх.советник конзерваторЗ.Алтипармаков	ЦРТЕЖ ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА - катност на објекти	РАЗМЕР 1: 2500
ДИРЕКТОР	М.Стојанова		
ДАТУМ	март 2022г.	ФАЗА Нацрт план	ЛИСТ 7

ВИД НА ОСНОВИТЕ	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТОТ	ГРАНИЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021/2026г.
СОДРЖИНА	ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА
ПРИКАЗ	ФИЗИЧКА СОСТОЈБА И СТЕПЕН НА ЗАЧУВАНОСТ НА ДОБРАТА
ПОДЛОГА	УП за *с.Новаци*

ЛЕГЕНДА

ОЗНАКА	ЗНАЧЕЊЕ
	граници на опфатот - Модулот
	ДОБРА
	СРЕДНА
	ЛОША

ПРЕДЛОГ - заштитени објекти	
Црква Св.Атанасиј	КП 1500

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола		Заштитно конзерваторски основи	Тех.бр.пред. 08-68/2
		ИНВЕСТИТОР ОПШТИНА НОВАЦИ	
Изработил	дипл.инж.арх.советник конзерваторЈ.Миленкова	ЗКО за УП за с.Новаци	
Соработник	дипл.ист.умет.советник конзерватор Н.Георгиева		
Раководител	дипл.инж.арх.советник конзерваторЗ.Алтипармаков	ЦРТЕЖ ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА - степен на зачуваност на добрата	РАЗМЕР 1: 2500
ДИРЕКТОР	М.Стојанова		
ДАТУМ	март 2022г.	ФАЗА Нацрт план	ЛИСТ 9

ВИД НА ОСНОВИТЕ	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТОТ	ГРАНИЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021/2026г.
СОДРЖИНА	ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА
ПРИКАЗ	ПРИЧИНИ ЗАПРОПАЃАЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО
ПОДЛОГА	УП за *с.Новаци*

ЛЕГЕНДА

ОЗНАКА	ЗНАЧЕЊЕ
	граници на опфатот
	СТРУКТУРА НА ГРАДБА
	ИСТОРИСКИ, ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ
	ДЕСТРУКТИВНИ АКТИВНОСТИ

ПРЕДЛОГ - заштитени објекти	
Црква Св.Атанасиј	КП 1500

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола		Заштитно конзерваторски основи	Тех.бр.пред. 08-68/2
		ИНВЕСТИТОР ОПШТИНА НОВАЦИ	
Изработил	дипл.инж.арх.советник конзерваторЈ.Миленкова	ЗКО за УП за с.Новаци	
Соработник	дипл.ист.умет.советник конзерватор Н.Георгиева		
Раководител	дипл.инж.арх.советник конзерваторЗ.Алтипармаков	ЦРТЕЖ ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА - причини за пропаѓање на објекти	РАЗМЕР 1: 2500
ДИРЕКТОР	М.Стојанова		
ДАТУМ	март 2022г.	ФАЗА Нацрт план	ЛИСТ 8

ВИД НА ОСНОВИТЕ	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТОТ	ГРАНИЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021/2026г.
СОДРЖИНА	МЕРКИ НА ЗАШТИТА
ПРИКАЗ	ЗОНИ НА ЗАШТИТА
ПОДЛОГА	УП за *с.Новаци*

ЛЕГЕНДА

ОЗНАКА	ЗНАЧЕЊЕ
	граници на опфатот
	ЗОНА НА ОГРАНИЧЕНА (гарантирана заштита)
	КОНТАКТНА ЗОНА
	ЗОНА БЕЗ ДЕЈСТВО НА ЗАШТИТА

ЗАШТИТЕН ОБЈЕКТ	
Црква Св.Атанасиј	КП 1500



НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола		Заштитно конзерваторски основи	Тех.бр.пред. 08-68/2
		ИНВЕСТИТОР ОПШТИНА НОВАЦИ	
Изработил	дипл.инж.арх.советник конзерваторЈ.Миленкова	ЗКО за УП за с.Новаци	
Соработник	дипл.ист.умет.советник конзерватор Н.Георгиева		
Раководител	дипл.инж.арх.советник конзерваторЗ.Алтипармаков	ЦРТЕЖ ЗОНИ НА ЗАШТИТА	РАЗМЕР 1: 2500
ДИРЕКТОР	М.Стојанова		
ДАТУМ	март 2022г.	ФАЗА Нацрт план	ЛИСТ 12

ВИД НА ОСНОВИТЕ	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТОТ	ГРАНИЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021/2026г.
СОДРЖИНА	МЕРКИ НА ЗАШТИТА
ПРИКАЗ	РЕЖИМ НА ЗАШТИТА
ПОДЛОГА	УП за *с.Новаци*

ЛЕГЕНДА

ОЗНАКА	ЗНАЧЕЊЕ
	граници на опфатот
2	РЕЖИМ НА ЗАШТИТА - втор степен
3	РЕЖИМ НА ЗАШТИТА - трет степен
	ЗОНА БЕЗ ДЕЈСТВО НА ЗАШТИТА

ЗАШТИТЕН ОБЈЕКТ	
Црква Св.Атанасиј	КП 1500



НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола		Заштитно конзерваторски основи	Тех.бр.пред. 08-68/2
		ИНВЕСТИТОР ОПШТИНА НОВАЦИ	
Изработил	дипл.инж.арх.советник конзерваторЈ.Миленкова	ЗКО за УП за с.Новаци	
Соработник	дипл.ист.умет.советник конзерватор Н.Георгиева		
Раководител	дипл.инж.арх.советник конзерваторЗ.Алтипармаков	ЦРТЕЖ РЕЖИМ НА ЗАШТИТА	РАЗМЕР 1: 2500
ДИРЕКТОР	М.Стојанова		
ДАТУМ	март 2022г.	ФАЗА Нацрт план	ЛИСТ 13

ВИД НА ОСНОВИТЕ	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТОТ	ГРАНИЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021/2026г.
СОДРЖИНА	ВАЛОРИЗАЦИЈА
ПРИКАЗ	ПРОЦЕНКА НА ВРЕДНОСТИ
ПОДЛОГА	УП за *с.Новаци*

ЛЕГЕНДА

ОЗНАКА	ЗНАЧЕЊЕ
	граници на опфатот - Модулот
	заштитени добра
	објекти кои придонесуваат во историскиот амбиент
	објекти кои се неутрални во поглед на историскиот амбиент
	објекти кои се некомпактибилни во поглед на историскиот амбиент

ЗАШТИТЕН ОБЈЕКТ	
Црква Св.Атанасиј	КП 1500

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола		Заштитно конзерваторски основи	Тех.бр.пред. 08-68/2
		ИНВЕСТИТОР ОПШТИНА НОВАЦИ	
Изработил	дипл.инж.арх.советник конзерваторЈ.Миленкова	ЗКО за УП за с.Новаци	
Соработник	дипл.ист.умет.советник конзерватор Н.Георгиева		
Раководител	дипл.инж.арх.советник конзерваторЗ.Алтипармаков	ЦРТЕЖ ВАЛОРИЗАЦИЈА	РАЗМЕР 1: 2500
ДИРЕКТОР	М.Стојанова		
ДАТУМ	март 2022г.	ФАЗА Нацрт план	ЛИСТ 10

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр. 11-5104/2
Дата: 24-10-2025

Numri i arkivit: 11-5104/2
Data:

До: ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Битола
Св. Кирил и Методиј 36-2/7, 1000 Скопје

Drejtuar: IVANOV INŽENJERING SHPK Bitola
Sh. Kirili dhe Metodi 36-2/7, 1000 Shkup

Предмет: Барање на податоци и информации

Lënda: Kërkesë për të dhëna dhe informacione

Врска: 11-5104/1 од 14.10.2025 година

Lidhja: 11-5104/1 datë 14.10.2025

Почитувани,

Të nderuar,

Согласно Вашето барање, за постапување по член 47 од Законот за прсторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 32/20) за доставување на податоци и информации за плански опфат поради потребата од изработка на Урбанистички план за с. Новаци, со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци, Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, од аспект на своите надлежности во областа на заштита на природата, ве известува за следното:

Në përputhje me kërkesën tuaj, për veprim sipas nenit 47 të Ligjit për planifikim hapësinor dhe urbanistik ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 32/20) për dorëzimin e të dhënave dhe informacionit për përfshirjen planore për shkak të nevojës për hartimin e Planit Urban për fshatin. Novaci, me zhvillimin e blloqeve 7, 9, 24 dhe 28, Komuna Novaci, Sektori i Natyrës pranë Drejtorisë së Mjedisit, si organ në kuadër të Ministrisë së Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor, nga aspekti i kompetencave të tij në fushën e mbrojtjes së natyrës, ju njofton për sa më poshtë:

Согласно секторската Студија за заштита на природното наследство (1999) изготвена за потребите на Просторниот план на РМ ("Сл.весник на РМ", бр.39/04), Националната Стратегија за заштита на природата (2017-2027) и просторната идентификација на предметниот опфат, утврдено е дека планскиот опфат не влегува во граници на заштитени подрачја утврдени со закон и истиот не е во границите на Емералд подрачје

Sipas Studimit Sektorial për Mbrojtjen e Trashëgimisë Natyrore (1999), përgatitur për nevojat e Planit Hapësinor të RM-së ("Gazeta Zyrtare e RM-së", nr.39/04), Strategjisë Kombëtare për Mbrojtjen e Natyrës (2017-2027) dhe identifikimit hapësinor të zonës përkatëse, është konstatuar se fushëveprimi i lëndës së planifikuar nuk përfshihet në kufijtë e zonave të mbrojtura të përcaktuara me ligj dhe gjithashtu nuk bën pjesë në kufijtë e zonave Emerald dhe zonave të

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

SEKTORI I NATYRËS

и идентификуваните Натура 2000 подрачја во Република Северна Македонија.

identifikuara Natura 2000 në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

МИНИСТЕР / MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Роска Николовска Вукојевиќ

Контролирал/Kontrolloi: м-р Смиљка Тенева

Проверил/Kontrolloi: м-р Сашко Јорданов

Согласен/Aprovoi: м-р Влатко Трпески

Согласен/Aprovoi: Хусамет Агушовски-Посебен советник

Управа за животна средина
Директор, Игор Никоски

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

АД Водостопанство на РСМ - Скопје
SHA Ekonomia e Ujërave të RMV-Shkup

ул. 3 - та Македонска бригада 1 бр.10 а Скопје тел. 02/5116-401;02/5116-402
rr. Brigada e 3- të Maqedonase 1 nr. 10 a Shkup tel. 02/5116-401; 02/5116-402
jpvodostopanstvo@yahoo.com / advodostopanstvo_rm@hotmail.com

До: ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ (ул. М. Х. Јасмин, бр.36-2/7, 1000 Скопје)

Предмет: Одговор на барање
Врска: Наш Арх. бр. 11-4016 од 14.10.2025

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 11-4016/2
04 11 2025 год./viti
Skopje/Shkup

ОДГОВОР НА БАРАЊЕ

Почитувани,
Во врска со Барањето за податоци и информации со број 0302-29-5/10 од 14.10.2025 од ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БИТОЛА за плански опфат на Урбанистички план за село Новаци со разработка на Блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци

Ве известуваме:
Според приложената документација во границите на предметниот проектен опфат, АД "Водостопанство на РСМ во државна сопственост"-Скопје има своја инфраструктура: Х одводен канал. При изработката на проектната документација да се земе в предвид истиот, согласно одредбите од Законот за Води.

Со почит,

Изработил: Дениз Јонуз

Контролирал: Слободан Дојчинов

Одобрил:
Технички Директор: Љубе Димов

АД "Водостопанство на РСМ" - Скопје
Главен извршен директор
Филип Филиповски

Наш број: 1404-1029/2
Скопје: 30.03. 2022 г.

ДО:
Иванов Инженеринг
ул. Св.Кирил и Методиј (М.Х.Јасмин) 36-2/7
1000 Скопје

Предмет: Достава на податоци за ТК инфраструктура
Врска: Ваше барање бр. 0302-18/02 од 21. 03. 2022г. преку е-урбанизам

Почитувани,

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за изработка на Урбанистички план за село Новаци, Општина Новаци, према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
Податоци на изградени јавни
електронски комуникациски мрежи -во електронска форма

Со почит,
Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска 24.03.2022
Раководител на сектор
Д-р Борис Арсов
Советник на Директорот
Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

www.aek.mk
ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

До: **ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола**

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 0302-18/03 од 21.03.2022 година
(e-urbanizam, постапка бр. 41888*)*

бр. 12-8/260

Скопје, 22.03.2022 година

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

УПС за Новаци

при што утврдија дека предметниот опфат / објект се наоѓа **во зона** на Спортскиот аеродром Битола, на 2,983м Североисточно од референтната точка, на аеродромот, во т.н. конусна рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 620мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид претходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/вметне следната одредба:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 620мнв.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената, или изградба/поставување на:

1. Издвоени антенски столбови или столбови поставени на објект со височина поголема од 15м.
2. Оџаци со височина поголема од 30м.
3. Ветерници.

потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да доставите проектната документација (пред нејзино усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно *член 68 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство. ("Службен весник на РМ" бр. 48/2020 – пречистен текст).*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

_____

Душан Попчевалиев
(по овластување од Директорот
бр.02-86/1 од 25.01.2022 година)

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

3-И-0740-101_01-1

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ИНЖЕНЕРИНГ ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
1 БР. 0304-35/22
14.04.2022 год
СКОПЈЕ

Бр: 08-2315/1
Скопје, 13 -04- 2022

До: **Иванов Инженеринг**
Друштво за производство, трговија и услуги
Ул. „Св.Кирил и Методиј" (М.Х.Јасмин), бр.36-2/7
1000 Скопје

Предмет: Известување за Барање на податоци и информации за постојни и планирани инсталациски водови и објекти сопственост на АД ЕСМ

Почитувани,

Согласно Вашиот допис број 0302-18/03 од 21.03.2022година, а во врска со изработка на Урбанистички план за село Новаци, Општина Новаци, во прилог Ви го испраќаме одговорот од Подружница РЕК „Битола".

Со почит,

Прилог: Допис од Подружница РЕК „Битола" бр.08-1837/2 од 06.04.2022г.

Изработил: Маја Ангеловска, Бранко Панчевски, Александар Стоилков
Одобрил: Звонко Кушоски, Влатко Павлески

ДИРЕКТОР
ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ
дипл. ел. инж. Благој Гајдарциски

Ко:
- Архива
- Оддел за развој

ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

3-И-0740-101_01-1

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
Подружница РЕК „БИТОЛА"
7211 Новаци, Р. Северна Македонија

Бр: 08 - 1837/2
РЕК Битола, 04.04.2022 г.
06.04.2022

ДО:
Сектор за развој и инвестиции
АД ЕСМ Скопје
Дирекција

Предмет: Доставување на информација

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање дел.бр. 08-1962/1 од 29.03.2022 г, заведено во Подружница РЕК Битола со дел.бр. 08-1837/1 на 30.03.2022 г. и приложеното Барање од ДООЕЛ „Иванов инженеринг„ од Битола со бр.0302 - 18/03 од 21.03.2022 г. Ви ја доставуваме следнава информација:

- Во границите на опфатот од Урбанистичкиот план за село Новаци не се евидентирани постоечки инсталации - инфраструктурни објекти во сопственост на АД ЕСМ - Скопје.

Подготвиле: Тони Ангелевски, дипл.инж.
Татјана Илиевска, дипл.инж.
Одобрил: Снежана Галовска,дипл.инж.

Пом. Дир. Сектор за инвестиции, развој и проектирање
Атанас Табаковски дипл.ел.инж.

Ко:
Архива
Пом. Дир. Сектор за инвестиции, развој и проектирање

Република Северна Македонија

Министерство за култура

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

ДО
ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
ул. Св. Кирил и Методиј 36-2/7
1000 Скопје
Република Македонија

Бр. 17-2423/2
14.12.2021 год
Скопје

Друштво за инженерски работи Иванов Инженеринг
1 бр. 0504-187/21
24.12.2021 год

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање 0302-27/11 од 25.11.2021

Во врска со вашето барање за доставување податоци за изработка на УПС Новаци, општина Новаци, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот постојат заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство и тоа црква Св. Атанасие (4-802-084/149 Е-НД) и археолошки локалитет „Тумба – Селски Гробишта“.

Поради тоа, а во согласност со одредбите од член 71 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, 164/13, 38/14 и 44/14), ве упатуваме да контактирате со НУ Завод за заштита на споменици на култура и музеј - Битола, со цел да извршат увид и да пристапат кон изработка на заштитно-конзерваторски основи за предметниот плански опфат.

Со почит,

Директор,
Ацо Костов

Изработил: Ф. Доневски
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Ул. „Павел Шатев “ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 15-1045/2
22.03.2022 год. viti
Скопје-Shkup

До:
ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање за достава на податоци и информации, со ваш бр. 0302-18/03 од 21.03.2022 год.

Согласно вашето Барање за достава на податоци и информации, за Урбанистички план за село Новаци, Општина Новаци, со ваш бр. 0302-18/03 од 21.03.2022 година.

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

НЕР АД Скопје дава позитивно мислење.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
1587

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

Бр/ Nr. 09-4830/3
Датум / Data 15-04-2022

ДО: Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола

Предмет: Податоци и информации
Број на постапка во систем Е-урбанизам: 41888

Почитувани,

Согласно вашето барање бр. 0302-18/03 од 21.03.2022 год. до Министерството за образование и наука за податоци и информации потребни за изработка на **Урбанистички план за село Новаци, Општина Новаци.**, Ве известуваме за следното.

По разгледување на доставените графички подлоги, констатирано е дека во рамки на проектниот опфат има објекти кои се во надлежност на Министерството за образование и наука.

Во планскиот опфат на предметниот план егзистираат следните училишта:

Основни училишта:

• ОУ Славко Лумбарковски, Новаци – Општина Новаци - посетуваат настава 154 ученици.

Со почит,

По овластување на Министер,
Мила Даскаловска, миа
Марина Зафирова, миа

Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
10-26/3-101 од 11.04.2022
Скопје

Одговорно лице: Мартин Јанковски

Контакт телефон: 072 933 420

e-mail: martin.jankovski@evn.mk

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0302-18/03 од 21.03.2022 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на УПС за Новаци, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☒ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго Планирани 10(20) kV водови и ТС

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг



СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13 Ноември бр.6, 1000 Скопје

Бр: 41888
Дата: 25.03.2022

До
Друштво за производство, трговија и услуги
ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола
Бул. Свети Кирил и Методиј бр. 36-2/7, 1000 Скопје

Ваше упатување	Барање на податоци и информации
Наше контакт лице	Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева
Телефон	+389 70 200 736; +389 70 200 571
Во врска со	Известување за постојни тк инсталации

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на УПС за Новаци, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 10-3034/2

Скопје/Shkup 11-04-2022 година/viti

ДО Иванов Инженеринг
ул.Борис Кидрич бр. 12/16
7000 Битола

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302-18/03 од 21.03.2022 год. за добивање податоци и информации за постојни и планирани инфраструктурни водови и градби потребни за изработка на Урбанистички план за село Новаци, општина Новаци, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-3034/1 од 24.03.2022 година:

- Ажурирана геодетска подлога.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека низ предметниот плански опфат поминува транзитен дел од регионалните патни правци P1311 (P-509) и P2340 (P-120) за кои во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Во понатамошните активности да се запази ширината на заштитниот појас на регионалните патни правци P1311 (P-509) и P2340 (P-120) согласно член 40 во Законот за јавни патишта ("Сл.Весник на Р.М." бр.84/08, бр.52/09, бр.114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.187/13, бр.39/14, бр.42/14, бр.166/14, бр.44/15, бр.116/15 и бр.150/15, бр.31/16, бр.71/16, бр.163/16 и 174/21).

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Зоран Велков
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

Иванов Инженеринг
седиште:Борис Кидрич 12/16,7000 Битола
претставништво:Св.Кирил и Методиј (М.Х.Јасмин) 36-2/7
1000, Скопје

Бр.11-1792/1

28.03.2022

Предмет: Податоци за постојни и планирани електро енергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.0302-18/03 од 21.03.2022 год., (наш број 11-1792 од 23.03.2022 година) за податоци и информации за изработка на **Урбанистички план за село Новаци, Општина Новаци**, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО и тоа:

1.Пресек со 400 kV далекувод на АД МЕПСО

Во прилог Ви доставуваме подлога во dwg формат прикачена на системот е-урбанизам.

Напомена: Податоците се од информативен карактер и затоа при реализација на предметната активност потребно е да се направи детална геодетска снимка на планскиот опфат со приказ на постојна состојба на земјиштето, катастарските парцели, градби и податоци за подземни, надземни и воздушни инсталации како и нивелациони коти на теренот, на ажурирана геодетска подлога, согласно член 2 точка 1 и член 43 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/2020). При тоа треба да се почитува одредбата согласно член 203 и член 204 од Законот за енергетика (Сл. весник на РМ бр.96/2018), како и член 224 од Мрежните правила за пренос на електрична енергија (Сл.весник на РСМ 4/2022).

Во случај на потреба од евентуална дислокација на ЕЕ објекти опфатени со планскиот опфат, наведената активност ќе се изврши врз основа на Проект за дислокација на ЕЕ објекти, одобрен од страна на АД МЕПСО, а комплетните трошоци околу евентуална дислокација, вклучително и Проектот за дислокација ќе бидат на Ваш товар и сметка.

Доколку при реализација на планираните градежни работи настане штета врз електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО-Скопје.

Изработил: Ангела Георгиевска АГеоргиевска

Проверил: Јасмина Ставрова

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
водовод БИТОЛА

Датум: 21/04/22

Врз основа на член 21 од Статутот на ЈКП ”Водовод”- Битола, а во врска со член 32од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ 199/14 и 44/15), постапувајќи по барањето поднесено по иницијатива наДруштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола во електронскиот систем e-urbanizam постапка број 41888 заради барање на претходни податоци и информации, ЈКП Водовод Битола се произнесува како што следува

бр. 08-5/37
од 21/04/2021

ПРЕДМЕТ: податоци и информации за водоводна мрежа

заради изработка на: УПС за Новаци

Почитувани,

Во врска со наведеното барање за вцртување на водоводни инсталации на приложената ажурирана геодетска подлога, Ви испраќаме податоци за водоводни инсталации со кои стопанисува ЈКП Водовод Битола.

Поздрав

ЈКП ВОДОВОД

PRODUCED BY AN AUTODESK EDUCATIONAL PRODUCT



PRODUCED BY AN AUTODESK EDUCATIONAL PRODUCT

PRODUCED BY AN AUTODESK EDUCATIONAL PRODUCT

PRODUCED BY AN AUTODESK EDUCATIONAL PRODUCT

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ГА-МА
Бр 0308-728/2
25 -03- 2022 20__ год
СКОПЈЕ

ИВАНОВ Инженеринг

Предмет: Податоци и информации

Врска: Ваш допис бр. 0302-18/03 од 21.03.2022 год.

Во врска со Вашето барање податоци и информации за изработка на Урбанистички план за село Новаци, Општина Новаци, Ве известуваме дека во рамките на предвидениот плански опфат нема изведен и проектиран гасовод.

Со почит,

Скопје, 25.03.2022 год.

ГА-МА АД Скопје

Одделение за Е-одобрение за градба

и Е-урбанизам

Раководител:

Галабинка Христовска

ГА-МА АД Скопје

Одделение за геодетски работи

и согласности

Раководител:

Сашко Петрески

ЈП „Стрежево“ - Битола
Булевар 1 Мај бр.77,7000 Битола /тел (047 207 800, 207 816 / Факс (047) 207 836
e-mail: strezevo@t.mk / web:www.strezevo.com.mk
жиро ск-а: 200-0034729814-93 Стопанска Банка А.Д. Скопје
жиро с-ка 205-0110004957-95 Шпаркасе банка А.Д. Битола
жиро-ска 500-0000000172-93 Стопанска банка А.Д Битола
мат. број: **5562538**, дан.бр. **МК 4002978113467**

стрежево

До
Друштво за производство,
трговија и услуги
ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ
ДООЕЛ Битола

Наш знак 09-42/58 Ваш знак

Битола, 11.04.22

Предмет: Вцртување на подземни инсталации

Во врска со Вашето барање со бр. 0302-18/03 од 06.04.2022 година доставено електронски преку системот е - урбанизам (постапка бр. 41888) и заведено од наша страна под број 09-42/48 на 31.03.2022 година, за достава на податоци и информации со кои располага ЈП „Стрежево“ за потребите на постапката за изработка на Урбанистички план за село Новаци, Општина Новаци, Ве информираме дека низ дадениот опфат доставен на ажурирана геодетска подлога од Ваша страна, минува предвидената траса за наводнување на земјоделски површини од левата страна на Црна Река во битолскиот дел од Пелагонија, која треба да опфати поволни површини за наводнување источно од Црна Река, се до X-ти канал.

На барање на Општина Новаци ЈП "Стрежево" ја изработи техничката документација на ниво на Основен проект за систем за наводнување на земјоделски површини во Општина Новаци со технички број СНОП-2013-03. Системот за наводнување "Новаци" планирано е да биде гравитационен систем и ќе се состои од:

1. приклучок на Главниот цевковод од зафатот на пумпна станица на Црна Река до акумулацијата "Суводол" (челичен цевковод Ø559 mm) како извориште на вода,
2. главен цевковод за наводнување DN 600 mm со северен и јужен крак и делнична мрежа за наводнување.

Со почит,

Подготвил:
Биљана Георгиевска, д.м.и.
Контролирал:
Павле Кондински, д.г.и.
Одобрил:
Технички директор
Јован Дојчиновски, д.г.и.

Директор
Методија Граматковски, д.е.и.


Южен кръг (Нов заден)

9. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ						
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА			УДЕЛ	
		м²		**ха**	**%**	
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	499662		49.97	32.2%	
Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности	3745	5370	0.37	0.2%	
	Б1.9 - пошта	1625		0.16	0.1%	
В ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В1.1 - основно образование: основно училиште	3430	15937	0.34	0.22%	1.0%
	В2.2 - амбуланта	6552		0.66	0.42%	
	В2.8 - детска градинка	1486		0.15	0.10%	
	В3.6 - дом на култура	293		0.03	0.02%	
	В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа	2609		0.26	0.17%	
	В5.2 - верски институции: црква	1566		0.16	0.10%	
Г РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИДНУСТРИЈА	Г5 - земјоделско и сточарско производство	30257		3.03	1.95%	
Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д3 - спорт и рекреација	2621		0.26	0.002	
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	195666	214607	21.46	0.14	13.8%
	Е1.4 - хидротехничка инфраструктура: Х канал	14010			0.14	
	Е2.1 - бензинска станица	997			0.14	
	НЕУРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ОД СООБРАЌАЕН/ИНФРАСТРУКТУРЕН КОРИДОР	3900			0.14	
	НЗ - неизградено земјиште	785633		78.56	50.6%	
	ВКУПНО	**1554117**		**155.41**	**100.00%**	

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВАЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 7,9,24 И 28, ОПШТИНА НОВАЦИ

ДЕЛ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ПОВРШИНА: 155.41 ха

РУЖА НА ВЕТРОВИ



ИЗРАБОТУВАЧ

ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
инженеринг проектирање надзор изведување
WWW.IVANOVENG.COM.MK

ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО

БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА

ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0023

УПРАВИТЕЛИ:
САШКО ИВАНОВ
АНДРИЈАН ИВАНОВ

НАРАЧАТЕЛ: ОПШТИНА НОВАЦИ

ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ:

НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094

САШКО ИВАНОВ dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095

СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0591

АНДРИЈАН ИВАНОВ mua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0674

ПРИЛОГ: ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РМ

ТЕХ. БРОЈ	0801-14-02/23	ДАТУМ	08.2026		ЛИСТ	1

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион

Центар на микрорегион

Центри на просторно-функционални единици

Управа

Просторно-функц. единици

Граници на влијанија на макрорегион. центри

Општински центар

Образование

Средно Вишо Високо

Здравствена заштита

2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој

источна

југ-југ

севернa

север-југ

западна

Слободна економ.зона

Автопат

Магистрален пат

Регионален пат

Железничка мрежа

Воздухоплов. пристан.

Стопански аеродром

Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини





УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВАЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 7,9,24 И 28, ОПШТИНА НОВАЦИ

ДЕЛ	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА		
ПОВРШИНА	155.41 ха	РАЗМЕР	1 : 250 000

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ТРАСА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ

РУЖА НА ВЕТРОВИ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0023	УПРАВИТЕЛИ: САШКО ИВАНОВ АНДРИЈАН ИВАНОВ
НАРАЧАТЕЛ		
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094 СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0591	САШКО ИВАНОВ dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095 АНДРИЈАН ИВАНОВ mia ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0674
ПРИЛОГ	МЕСТОПОЛОЖБА И ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	
ТЕХ. БРОЈ	0801-14-02/23	ДАТУМ 08.2026
ЛИСТ	2	



УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВАЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 7,9,24 И 28, ОПШТИНА НОВАЦИ

ДЕЛ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ПОВРШИНА: 155.41 ха | РАЗМЕР: 1 : 2500

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0023 УПРАВИТЕЛИ: САШКО ИВАНОВ АНДРИЈАН ИВАНОВ
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА НОВАЦИ
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094 САШКО ИВАНОВ дипл. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095
СОРАБОТНИЦИ	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0591 АНДРИЈАН ИВАНОВ маш ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0674
ПРИЛОГ	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
ТЕХ. БРОЈ	0801-14-02/23
ДАТУМ	08.2026
ЛИСТ	3

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - БИЛАНСИ ПОКАЗАТЕЛИ						
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА			УДЕЛ	
		м²		ха	%	
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	499662		49.97	32.2%	
Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности	3745	5370	0.37	0.2%	
	Б1.9 - пошта	1625		0.16	0.1%	
В ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В1.1 - основно образование: основно училиште	3430	15937	0.34	0.22%	1.0%
	В2.2 - амбуланта	6552		0.66	0.42%	
	В2.8 - детска градинка	1486		0.15	0.10%	
	В3.6 - дом на култура	293		0.03	0.02%	
	В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа	2609		0.26	0.17%	
	В5.2 - верски институции: црква	1566		0.16	0.10%	
Г РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА	Г5 - земјоделско и сточарско производство	30257		3.03	1.95%	
Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д3 - спорт и рекреација	2621		0.26	0.002	
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	195666	214607	21.46	0.14	13.8%
	Е1.4 - хидротехничка инфраструктура: Х канал	14010			0.14	
	Е2.1 - бензинска станица	997			0.14	
	НЕУРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ОД СООБРАЌАЈЕН/ИНФРАСТРУКТУРЕН КОРИДОР	3900			0.14	
	Н3 - неизградено земјиште	785633		78.56	50.6%	
	ВКУПНО	**1554117**		**155.41**	**100.00%**	



ДЕЛ	УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВАЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 7,9,24 И 28, ОПШТИНА НОВАЦИ
	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ПОВРШИНА	155.41 ха
РАЗМЕР	1 : 2500

	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ		Е1.1 – СООБРАЌАЈНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА:		
	ГРАНИЦА НА ПОДРАЧЈЕ СО ИСТА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО		АСФАЛТИРАНА СООБРАЌАЈНИЦА		ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ
А1.5	СТАНБЕНИ КУЌИ ВО СОСТАВ НА СЕЛСКО СТОПАНСКИ ДВОР		ЗЕМЕН ПАТ		0.4kV НАДЗЕМНА МРЕЖА
Б1	МАЛИ ЕДИНИЦИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ		НЕУРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ОД СООБРАЌАЈЕН/ИНФРАСТРУКТУРЕН КОРИДОР		10kV НАДЗЕМНА МРЕЖА
Б1.9	ПОШТА		ПОВРШИНИ ПОД ВОДА- РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА Х КАНАЛ		ЗАШТИТЕН ПОЈАС (10М ЛЕВО/ДЕСНО)-10kV НАДЗЕМНА МРЕЖА
В1.1	ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ		ГЛАВНИ ПРАВЦИ ВО СЕЛОТО ЗА ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ		ЗАШТИТЕН ПОЈАС (5М ЛЕВО/ДЕСНО)-10kV ПОДЗЕМНА МРЕЖА
В2.2	АМБУЛАНТА		ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА		ПОЗИЦИЈА НА ПОСТОЕЧКА ТРАФОСТАНИЦА
В2.8	ДЕТСКА ГРАДИНКА		ОПТИЧКИ КАБЕЛ		ХИДРОТЕХНИЧКА МРЕЖА
В3.6	ДОМ НА КУЛТУРА		БАКАРЕН КАБЕЛ		ВОДОВОД - ПОСТОЕЧКА МРЕЖА
В5.1	ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ -ЦРКВА				ВОДОВОД - ПОСТОЕЧКА МРЕЖА
Г5	ЗЕМЈОДЕЛСКО И СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО				ЦЕВКОВОДИ ОН 600мм ЛЖЕН КРАК- ДЕЛ ОД СИСТЕМ ЗАНАВОДНУВАЊЕ "НОВАЦИ"
Д3	СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА				
Е2.1	БЕНЗИНСКА ПУМПА				
Н3	НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ				

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0023	УПРАВИТЕЛИ: САШКО ИВАНОВ АНДРИЈАН ИВАНОВ		
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА НОВАЦИ			
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ГАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл.инж.арх. 0.0094	САШКО ИВАНОВ дипл.инж.арх. 0.0095		
СОРАБОТНИЦИ	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл.инж.арх. 0.0591	АНДРИЈАН ИВАНОВ мед. 0.0674		
ПРИЛОГ	ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ЗЕЛЕНИЛОТО, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА			
ТЕХ. БРОЈ	0801-14-02/23	ДАТУМ	08.2026	ЛИСТ 4

Место за печат:	ГЕОСТУДИО ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
Инвеститор:	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
Проект:	УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВАЦИ ОПШТИНА НОВАЦИ
Изработил:	Мр.д-Стефанија Митревски дипл.геод.инж.
Деловоден број:	0802-72.3
Размер:	1:1000
Лист број:	1

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ВОВЕД

Изработката на планската документација Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци, претставува континуитет на урбаниот развој во рамките на општината. Урбанизирањето односно условите за изградба и уредување на просторот од аспект на потребите за развој во рамките на планскиот опфат, претставува појдовен елемент во методолошкиот пристап при изработка на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци.

Со изработка на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци за период од 2022 до 2032 година ќе се добијат одговори на низа прашања од кои зависи добрата организираност на просторот, односно негово вклопување и активирање во можностите за функционалност, комплементарност, атрактивност, комуникативност и флексибилност како фрагмент од урбаната структура.

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Изработката на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци, има за цел поставување на урбанистички концепт за организација на просторот во границите на планскиот опфат, а во исто време претставува континуитет во развојот на подрачјето на планскиот опфат, усогласувајќи го планскиот документ со поставките и параметрите дадени со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ како и со одобрената Планска програма за овој план.

За изработка на овој Урбанистички план за село применувани се актуелните законски и подзаконски акти и тоа:

- Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26);
- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26).

Истражувајќи ги можните начини за организација и поставување на плански концепт за уредување на просторот во границата на планскиот опфат, применети се неколку принципи:

- Почитување на поставките на Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;
- Имплементација на Планската програма со дефинирање на единици на градежно земјиште за организација и изградба на објекти со предложената намена;
- Почитување на постојаната планска и проектна документација и надоврзување на истата;
- Применување на стандардите и нормативите за урбанистичко планирање;
- Дефинирање на оптимален процент на изграденост и коефициент на искористеност на земјиштето;
- Дефинирање на оптимален капацитет на системите на комуналната инфраструктура и супраструктура.

Урбанистичкиот план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци се изработува за плански период од 10 (десет) години односно за период од 2022 до 2032 година.

2. ПОВРШИНА И ГРАНИЦИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Просторот кој е предмет на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци се наоѓа во катастарската општина КО Новаци.

Границата на плански опфат претставува затворена линија со прекршни точки кои ги имаат следните координати по x и y:

T1	Y=7539242.2332	X=4544075.0077
T2	Y=7539247.4300	X=4544076.1400
T3	Y=7539282.8900	X=4544084.3700
T4	Y=7539279.9600	X=4544104.4500
T5	Y=7539277.0300	X=4544124.5400
T6	Y=7539274.0900	X=4544144.6300
T7	Y=7539271.1600	X=4544164.7200
T8	Y=7539268.2300	X=4544184.8000
T9	Y=7539265.3000	X=4544204.8900
T10	Y=7539374.5800	X=4544230.2400
T11	Y=7539374.6600	X=4544221.2100
T12	Y=7539399.2400	X=4544224.6600
T13	Y=7539423.9700	X=4544228.0600
T14	Y=7539449.3400	X=4544231.6100
T15	Y=7539448.6719	X=4544249.4689
T16	Y=7539563.0759	X=4544279.1548
T17	Y=7539608.0455	X=4544314.5726
T18	Y=7539579.1900	X=4544370.0500
T19	Y=7539598.5800	X=4544373.3400
T20	Y=7539628.0100	X=4544378.0700
T21	Y=7539745.5800	X=4544390.8700
T22	Y=7539749.2900	X=4544395.4400
T23	Y=7539746.1890	X=4544398.1290
T24	Y=7539780.1209	X=4544405.0432
T25	Y=7539941.2002	X=4544419.4392
T26	Y=7539940.6500	X=4544422.5700
T27	Y=7539929.5000	X=4544480.3700
T28	Y=7539920.1400	X=4544535.0800
T29	Y=7539909.6800	X=4544555.5900
T30	Y=7539899.2800	X=4544577.0100
T31	Y=7539883.5400	X=4544612.4900
T32	Y=7539878.5500	X=4544621.2900
T33	Y=7539865.5400	X=4544645.9800
T34	Y=7539852.0000	X=4544671.5300
T35	Y=7539838.2000	X=4544684.5000
T36	Y=7539751.7500	X=4544658.7600
T37	Y=7539646.0000	X=4544626.0500
T38	Y=7539578.2700	X=4544605.5800
T39	Y=7539574.7400	X=4544604.6500
T40	Y=7539573.6300	X=4544626.4000
T41	Y=7539572.3700	X=4544638.8400

T42	Y=7539570.3000	X=4544659.3100
T43	Y=7539567.9500	X=4544667.6800
T44	Y=7539632.9500	X=4544688.6600
T45	Y=7539625.7000	X=4544739.4200
T46	Y=7539643.6600	X=4544746.7100
T47	Y=7539664.0800	X=4544755.0000
T48	Y=7539667.4000	X=4544756.3400
T49	Y=7539664.3800	X=4544767.2200
T50	Y=7539700.0500	X=4544779.1800
T51	Y=7539703.0500	X=4544772.2300
T52	Y=7539708.1000	X=4544757.8100
T53	Y=7539784.3800	X=4544785.0000
T54	Y=7539786.2900	X=4544781.9600
T55	Y=7539790.9520	X=4544783.6080
T56	Y=7539783.5100	X=4544796.3100
T57	Y=7539758.0700	X=4544834.4900
T58	Y=7539741.1200	X=4544858.7100
T59	Y=7539724.3300	X=4544876.2100
T60	Y=7539845.5200	X=4544891.5500
T61	Y=7539865.3500	X=4544892.5600
T62	Y=7539870.4800	X=4544901.9100
T63	Y=7539866.8400	X=4544923.2400
T64	Y=7539861.9970	X=4544941.8490
T65	Y=7539855.0800	X=4544961.2900
T66	Y=7539838.6500	X=4544956.6000
T67	Y=7539832.8000	X=4544973.6200
T68	Y=7539828.0400	X=4544981.6700
T69	Y=7539814.5400	X=4545004.5200
T70	Y=7539817.9700	X=4545005.7200
T71	Y=7539810.1500	X=4545024.1200
T72	Y=7539828.2500	X=4545031.6000
T73	Y=7539822.3000	X=4545045.5800
T74	Y=7539816.3300	X=4545057.7900
T75	Y=7539809.3700	X=4545073.2700
T76	Y=7539803.2300	X=4545088.9100
T77	Y=7539796.6000	X=4545104.6900
T78	Y=7539805.9700	X=4545108.7200
T79	Y=7539817.9700	X=4545114.1300
T80	Y=7539832.8600	X=4545120.8600
T81	Y=7539869.8490	X=4545136.3890
T82	Y=7539868.5300	X=4545139.3800
T83	Y=7539844.1800	X=4545194.0500
T84	Y=7539822.3400	X=4545229.8100
T85	Y=7539871.0000	X=4545279.7200
T86	Y=7539873.4407	X=4545282.0485
T87	Y=7539880.9100	X=4545322.4900
T88	Y=7539890.8313	X=4545331.8610

T89	Y=7539896.7100	X=4545353.9300
T90	Y=7539900.0800	X=4545364.5300
T91	Y=7539908.8300	X=4545388.4300
T92	Y=7539906.5800	X=4545393.3800
T93	Y=7539913.7600	X=4545409.5300
T94	Y=7539920.8000	X=4545420.8900
T95	Y=7539925.7600	X=4545440.6200
T96	Y=7539934.3700	X=4545471.8300
T97	Y=7539942.6200	X=4545522.5000
T98	Y=7539944.7369	X=4545538.0766
T99	Y=7539940.8252	X=4545538.5499
T100	Y=7539929.1818	X=4545541.4039
T101	Y=7539888.0655	X=4545529.4161
T102	Y=7539846.9514	X=4545517.4290
T103	Y=7539843.9900	X=4545526.8900
T104	Y=7539835.4300	X=4545538.9600
T105	Y=7539830.1833	X=4545547.6327
T106	Y=7539776.8330	X=4545535.2552
T107	Y=7539781.1800	X=4545519.8800
T108	Y=7539748.9400	X=4545509.9200
T109	Y=7539714.3700	X=4545500.2900
T110	Y=7539717.6200	X=4545485.7700
T111	Y=7539643.8500	X=4545464.7500
T112	Y=7539620.4300	X=4545458.6100
T113	Y=7539520.5300	X=4545431.0700
T114	Y=7539528.2700	X=4545407.3800
T115	Y=7539488.6205	X=4545393.0255
T116	Y=7539448.1900	X=4545376.7500
T117	Y=7539400.9100	X=4545357.2700
T118	Y=7539373.8806	X=4545345.6003
T119	Y=7539371.2610	X=4545344.2686
T120	Y=7539388.2900	X=4545314.3800
T121	Y=7539414.3900	X=4545271.3900
T122	Y=7539438.3800	X=4545231.2000
T123	Y=7539447.4500	X=4545217.7300
T124	Y=7539459.6500	X=4545199.3000
T125	Y=7539478.4700	X=4545165.6000
T126	Y=7539492.3800	X=4545140.1300
T127	Y=7539479.7700	X=4545136.8100
T128	Y=7539464.8800	X=4545131.7200
T129	Y=7539441.6600	X=4545123.7500
T130	Y=7539421.3900	X=4545118.6600
T131	Y=7539415.4600	X=4545117.1800
T132	Y=7539397.5200	X=4545112.6900
T133	Y=7539372.3100	X=4545106.2200
T134	Y=7539363.0500	X=4545127.2900
T135	Y=7539356.3900	X=4545144.4500

T136	Y=7539354.3700	X=4545150.2400
T137	Y=7539312.2400	X=4545137.0300
T138	Y=7539217.6100	X=4545108.3700
T139	Y=7539210.4200	X=4545106.1900
T140	Y=7539209.4400	X=4545108.9600
T141	Y=7539021.1800	X=4545042.4900
T142	Y=7538839.2000	X=4544978.1200
T143	Y=7538855.9800	X=4544934.8100
T144	Y=7538865.1118	X=4544901.4821
T145	Y=7538756.3900	X=4544890.2800
T146	Y=7538735.3447	X=4544887.4965
T147	Y=7538737.3400	X=4544880.7800
T148	Y=7538747.2100	X=4544847.4600
T149	Y=7538749.8100	X=4544841.8400
T150	Y=7538756.2700	X=4544818.3200
T151	Y=7538766.5390	X=4544779.7940
T152	Y=7538723.5200	X=4544771.4700
T153	Y=7538612.0400	X=4544749.5100
T154	Y=7538578.2200	X=4544743.1400
T155	Y=7538590.1816	X=4544661.7894
T156	Y=7538573.4090	X=4544553.0190
T157	Y=7538490.9867	X=4544545.7967
T158	Y=7538465.1400	X=4544544.7300
T159	Y=7538451.3900	X=4544545.2000
T160	Y=7538400.5800	X=4544550.2900
T161	Y=7538391.9200	X=4544658.3800
T162	Y=7538366.5700	X=4544659.5900
T163	Y=7538330.5400	X=4544660.2900
T164	Y=7538337.3600	X=4544552.9100
T165	Y=7538269.4800	X=4544557.5800
T166	Y=7538231.3600	X=4544558.9000
T167	Y=7538179.6500	X=4544560.2900
T168	Y=7538156.8400	X=4544562.1600
T169	Y=7538147.0700	X=4544561.5300
T170	Y=7538138.5600	X=4544561.9100
T171	Y=7538118.6600	X=4544560.3900
T172	Y=7538091.9200	X=4544561.1200
T173	Y=7538079.9400	X=4544560.7000
T174	Y=7538079.2150	X=4544519.3150
T175	Y=7538078.4877	X=4544477.9347
T176	Y=7538078.2700	X=4544439.6800
T177	Y=7538077.9400	X=4544409.3300
T178	Y=7538008.3500	X=4544411.1900
T179	Y=7537947.3100	X=4544414.0900
T180	Y=7537958.7500	X=4544474.3500
T181	Y=7537963.5900	X=4544509.2000
T182	Y=7537850.9500	X=4544515.6300

T183	Y=7537866.7900	X=4544468.5400
T184	Y=7537908.4700	X=4544347.1200
T185	Y=7537933.4362	X=4544280.9910
T186	Y=7537941.9138	X=4544281.7927
T187	Y=7537981.3500	X=4544283.5400
T188	Y=7538014.3100	X=4544285.2900
T189	Y=7538073.4900	X=4544283.3800
T190	Y=7538074.1910	X=4544256.6454
T191	Y=7538074.6598	X=4544213.3240
T192	Y=7538076.3826	X=4544183.5134
T193	Y=7538077.8752	X=4544162.6018
T194	Y=7538097.8100	X=4544163.6100
T195	Y=7538116.2400	X=4544164.5900
T196	Y=7538201.3500	X=4544170.9400
T197	Y=7538237.3300	X=4544174.4900
T198	Y=7538404.7506	X=4544180.6075
T199	Y=7538408.3700	X=4544166.1500
T200	Y=7538411.0700	X=4544165.5900
T201	Y=7538416.8869	X=4544155.3284
T202	Y=7538482.5220	X=4544027.4271
T203	Y=7538517.4506	X=4544067.6049
T204	Y=7538537.5790	X=4544082.8617
T205	Y=7538555.6700	X=4544009.6500
T206	Y=7538605.2400	X=4544025.0300
T207	Y=7538611.0900	X=4544027.1800
T208	Y=7538633.3000	X=4544035.3900
T209	Y=7538649.8300	X=4544012.6100
T210	Y=7538670.5400	X=4543980.7000
T211	Y=7538672.6900	X=4543978.2000
T212	Y=7538682.5270	X=4543966.7540
T213	Y=7538701.6800	X=4543951.9800
T214	Y=7538731.9311	X=4543927.2585
T215	Y=7538801.5289	X=4543950.5721
T216	Y=7538844.1859	X=4543880.6379
T217	Y=7538878.9600	X=4543893.7900
T218	Y=7538907.7200	X=4543904.7200
T219	Y=7538928.1090	X=4543911.1380
T220	Y=7538947.9600	X=4543915.3100
T221	Y=7538961.8090	X=4543917.6950
T222	Y=7538968.4300	X=4543896.7900
T223	Y=7539044.1000	X=4543921.0500
T224	Y=7539046.3300	X=4543916.5100
T225	Y=7539059.6200	X=4543889.4600
T226	Y=7539141.9700	X=4543935.0000
T227	Y=7539144.9200	X=4543941.3600
T228	Y=7539154.1400	X=4543938.3000
T229	Y=7539178.5300	X=4543939.8600

T230	Y=7539203.3300	X=4543932.8300
T231	Y=7539214.2400	X=4543928.8600
T232	Y=7539226.6600	X=4543924.4600
T233	Y=7539250.0400	X=4543916.4100
T234	Y=7539268.0000	X=4543909.7900

Површината во границите на планскиот опфат изнесува **155,41 ха.**

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО И ДОКУМЕНТАЦИЈА РЕЛЕВАНТНА ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

За предметниот плански опфат релевантен плански документ кој ги дава основните влезни параметри и насоки при планирање на просторот претставуваат Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ (2004-2022).

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање издадено е Решение за Услови за планирање на просторот (бр. УП1-15 1396/2021 од 28.09.2021). Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y17220 се составен дел на Решението и содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повиоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

3.1. Заклучни согледувања од Условите за планирање на просторот кои проилзегуваат од Просторниот план на РМ

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Урбанистички план за село Новаци.

Дефинирањето на границите на планскиот опфат, со површина на истиот, ќе се утврди со одобрената Планската програма. Се задолжува Општина Новаци, по донесување на планот, да достави информација до Агенција за планирање на просторот и Министерство за животна средина и просторно планирање за конечниот плански опфат.

Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработката на Урбанистички план за село Новаци треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на просторниот развој

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
- Реализацијата на Урбанистичкиот план за селото согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.
- Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.
- Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат на селото.

Користење и заштита на земјоделското земјиште

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- При обезбедувањето на потребните количини на вода селото потребно е синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода и рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем.
- Околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување на селото да се оформат заштитни зони и да се дефинира режим на заштита во зоните. Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".
- Доколку во границите на планскиот опфат на селото постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица за отпадни води или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациска мрежа на селото.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Планскиот опфат за село Новаци нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
- За селото потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна;
- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд населби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

Домување

- Основна определба на станбената изградба во областа на домувањето за Урбанистички план за село Новаци во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности;
- Стандардите за овозможување на потребен и квалитетен станбен простор согласно ППРМ за селото треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ

и тоа: 20 25 m2/жител станбена површина, 40 80 m2/стан (оптимална големина), 100 % опременост на станот со инсталации и потполно

Јавни функции:
Организацијата на јавните функции при изработка на Урбанистички план за село Новаци треба да се развива во следните насоки:
- Овозможување достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- Обезбедување на воедначен квалитет на пружените услуги;
- прилагодување на програмата на јавните служби на карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Индустрија
- Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.
- Доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со „Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.
- Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на „одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита.

Сообраќај и врски
- Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:
  А3 (М-5) - (Крстосница Требениште - врска со А-2 - крстосница Подмоље – Охрид – Косел – Ресен – Битола – Прилеп – Велес – Штип – Кочани – Делчево - граница со Бугарија - граничен премин Рамна Нива), делница Битола - крстосница Кукуречани - граница со Грција - граничен премин Меџитлија - делница Косел - врска со А-3 – Охрид - граница со Албанија - граничен премин Љубаништа.
- Релевантни регионални патни правци за предметната локација влегуваат во групата на регионални патишта "Р1" и "Р2" и се со ознака:
  Р1311 (Битола-врска со Р1101 – Новаци – Маково – Чаниште - Расимбегов Мост - врска со Р1107) и делница (Рапеш – Старавина - врска со Р2338).
- Р2340 (врска со Р1101 – Добрушево – Новаци – Бач - врска со Р2238).
- При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16,152/15, 31/16 и 163/16).

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа
- Планскиот опфат за село Новаци нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина
- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план за село Новаци потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.

- Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа
- на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените
- концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина. Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природното наследство

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за село Новаци нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
- Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Новаци има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Пелагониски туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 25 туристички локалитети.
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Новаци се наоѓа во простори погодни за слободни територии. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за Урбанистички план за село Новаци задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Задача на планската документација е изработка на Урбанистичкиот план за село, со која ќе се постигнат следните цели:

- Усогласување на Урбанистичкиот план за село со поставките на Просторниот план на РМ;
- Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;
- Дефинирање на примарна и секундарна сообраќајна инфраструктура – улична мрежа и пристапи до единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат;
- Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;
- За единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат да се дефинираат услови за:
  - заштита и унапредување на животната средина, природното наследство и културното наследство;
  - заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи;
  - движење на лица со посебни потреби;
  - урбано зеленило и озеленетост;
  - други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.

Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, како плански развоен документ треба да го постигне следното:

- Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;
- Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи од повисоко ниво;
- Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните;
- Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето како необновлив ресурс и системите на инфраструктурата; и
- Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот.

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

Предложената планска концепција на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци, се базира на:

- Анализа на постојната состојба и можностите за развој;
- Почитување на заклучните согледувања на Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;
- Имплементација на Планската програма и решавање на зацртаните цели и задачи;
- Рационално и економично искористување на градежното земјиште;
- Надоградување на создадените вредности;
- Доследна примена на законската регулатива.

Границата и содржината на планскиот опфат се утврдени со Планската програма за изработка на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци. Планскиот концепт за просторен развој во рамки на планскиот опфат на УПС Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28 е детерминиран од неколку фактори – морфологијата на теренот и постоечката матрица на патната инфраструктра, постоечката дистрибуција на намени, како и мерките за заштита кои произлегуваат од заштитно-конзерваторските основи.

Трасите на новопланираната улична мрежа се совпаѓаат со трасите на постоечките улици и се со профили согласно стандардите и нормативите за планирање на улици и патишта во село. Не се применува хиерархизирано планирање, повеќе улици се категоризирани како интегрирани сообраќајници за моторен, велосипедски и пешачки сообраќај.

Постоечкиот начин на користење на земјиштето во рамки на планскиот опфат кој е воден од интиутивни процеси во минатото не отстапува од логичките решенија кои подразбираат ефикасност, оптимални растојанија за сообраќај и поставеност на функциите кои треба да одговорат на потребите на жителите и планскиот концепт го почитува тоа во голема мера. Во однос на наменските зони, доминантана е класата на намени А1 - домување во куќи. Тоа во значителен дел претставува потврдување на постоечката изградена структура и логично надоврзување кон постоечката состојба во рамки на новите граници, односно, површините кои за прв пат се урбанизираат, а во контекст на очекувана атрактивност на подрачјето.

Демографска анализа

Согласно Пописот на населението, домаќинствата и становите во Р.С. Македонија од 2021 година, во селото Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28 биле регистрирани 2648 жители на ниво на општина.

Демографските проекции за планскиот период за плански опфат ќе бидат согласно пропишаните во рамки на законската регулатива за урбанистичко планирање нормативи за густината на населеност, а се однесуваат на неразвиени села. Па така, согласно правилнички пропишаниот норматив за бруто густина на населеност за кој изнесува 25 – 45 ж/ха за развиени села центри на селски заедници, за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28 се планира бруто густина на населеност од 25ж/ха, односно нето густина на населеност од 33ж/ха. Според тоа, вкупниот планиран број на жители во рамки на планскиот опфат за плански период од 2022-2032 година изнесува 3885 жители. Планираниот број на жители во планскиот период претставува влезен параметар за планирање на комуналната инфраструктура која треба да се изгради и да ја оптимизира и надогради постоечката во село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28.

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Планскиот опфат на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци опфаќа земјиште кое во основа е дефинирано како:

- единици на градежно земјиште - блокови; и
- земјиште за општа употреба - улична мрежа.

Наменската употреба на земјиштето и градбите е уредена на ниво на наменски зони. Наменска зона е ограничена површина од градежното земјиште со иста наменска употреба на земјиштето. Уредувањето на намената на земјиштето во урбанистичкиот план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28 се врши со системот на класи на намени како инструмент со кој се врши класификација на дејностите и активностите во планскиот опфат.

Согласно целите дефинирани со Планската програма како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26), со оваа планска документација се врши уредување на наменските зони и сингуларните намени со следните ознаки:

- А1 - домување во куќи
- А3.3 - згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица
- Б - комерцијални и деловни намени
- Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности
- Б2 – големи единици за трговија
- Б2.6 – големи хали и магацини за потребите на трговијата
- Б4 - Деловни и комерцијални дејности
- Б6.3 – повеќенаменски сали за спортови, собири и манифестации
- В1.1 - основно образование
- В2.8 - детска градинка
- В2.9 – згради за ветеринарна заштита
- В3.6 - дом на култура
- В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа
- В5.1 - верски институции: црква
- В7.3 - полициска станица
- Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
- Г3 – индустрија за склопување на финални производи
- Г4 – стоваришта, складови
- Д1 – парковско зеленило
- Д2 - заштитно зеленило
- Д3 – спорт и рекреација на зелени површини
- Д3.1 – спортски терени на отворено
- Е1 – сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- Е1.7–топловодна постројка
- Е1.8 – трансформаторски станици
- Е1.11 –инфраструктури за одводнување
- Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани
- Е2.1 – бензинска пумпа, техн.преглед

Наменските зони ја почитуваат постечката диспозиција на функции во селото, а површините инвентаризирани како неизградено земјиште во најголем дел стануваат дел од наменската зона за домување.

Зеленило

Во насока на обезбедување на повисок стандард на домување, квалитет на работната средина и овозможување на начелото на одржлив развој, со урбанистичкиот план за село се дадени насоки за обезбедување на минимални површини со зеленило во рамки на единиците на градежно земјиште - блокови и градежни парцели кои ќе се формираат со соодветна проектна документација во следна фаза.

Површините за зеленило претставуваат обврска за реализација во рамки на наменските зони, во дворните места на објектите, со минимален процент кој што треба да се задоволи при формирање на градежните парцели, односно, при реализација на градбите, а кој изнесува 20% во согласност со член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ бр.11/2018 и 42/20).

ТАБЕЛА 7 - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ЗЕЛЕНИЛО			
	просечен процент на зеленило во рамки на наменската зона	површина на зеленило во наменската зона	површина на зеленило по жител
	%	м²	м²/ж
А - домување	20%	208704	53.72
Б - комерцијални и деловни намени	20%	8552	2.20
В - јавни институции	20%	3672	0.95
Г - рударство, прозводство и индустрија	20%	27868	7.17
Е - инфраструктура	20%	7715	1.99
ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО		67593	17.40
ОСТАНАТО ЗЕЛЕНИЛО		256511	66.03
ВКУПНО		324104	83.42
ПЛАНИРАН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ПЛАНСКИОТ ПЕРИОД		3885	

6.1. ПОДЕЛБА НА БЛОКОВИ

Целокупната површината на планскиот опфат на УПС Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28 е поделена на единици на градежно земјиште - блокови. Во рамки на опфатот предвидени се 28 блока, така што секој блок е со граници кои се совпаѓаат со границата на плански опфат, граници на катастарски парцели и/или осовини на улици. За секој блок поединечно се дадени посебни услови систематизирани во табеларен приказ, нумерички показатели со максималните вредности за површини на намени и граница на блокот.

ТАБЕЛА 1 - ПОДЕЛБА НА БЛОКОВИ	
Блок	површина (ha)
1	6.44
2	9.55
3	9.40
4	7.58
5	4.78
6	2.38
7	7.18
8	8.90
9	8.02
10	2.21
11	9.27
12	4.96
13	2.77
14	4.13
15	5.72
16	10.49
17	9.52
18	5.10
19	3.08
20	4.26
21	3.81
22	1.79
23	3.55
24	1.73
25	4.58
26	1.64
27	9.69
28	2.89
ВКУПНО	**155.41**

При спроведување на урбанистичкиот план согласно закон, со дефинирање на градежните парцели ќе се утврдат следните урбанистички параметри:

- број на градежна парцела;
- граница и површина на градежна парцела (м2);
- граница и површина во која може да се гради (м2);
- максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
- вкупна површина по катови (м2);
- максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на венец (м');
- максимален број на катови;
- потребен број на паркинг места (пресметани согласно стандарди и нормативи) кои треба да се обезбедат во рамките на градежната парцела.

Урбанистичките параметри (процент на изграденост, коефициент на искористеност, катност, висина на венец) и учеството на компатибилните намени ќе се дефинираат согласно следната табела:

ТАБЕЛА 5 - УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА КЛАСА НА НАМЕНА/ПОЕДИНЕЧНА НАМЕНА						
КЛАСА НА НАМЕНА/ПОЕДИНЕЧНА НАМЕНА		МАКСИМАЛЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	МАКСИМАЛЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	МАКСИМАЛНА КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ВЕНЕЦ м'	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ
1	А1 - домување во куќи	50%	1.5	П+2	10.20	Б1 (до 40%) од кои дозволени се: Б1.3 (до 40%) Б1.10 (до 40%) Б1.11 (до 40%) Б1.13 (до 40%) Б1.14 (до 40%) Б1.15 (до 40%)
2	А3.3 - згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица	60%	1.8	П+2	10.20	Б1,Б4,Б5,В2.2 макс.вкупен збир 40%
3	Б - комерцијални и деловни намени	60%	1.8	П+2	10.20	со УП
4	Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности	60%	1.2	П+1	8.00	/
5	Б2 – големи единици за трговија	60%	1.2	П+1	8.00	со УП
6	Б2.6 - големи хали и магацини за потребите на трговијата	60%	1.2	П+1	10.00	Г2,Г3,Г4 макс.вкупен збир 40%
7	Б4 - Деловни и комерцијални дејности	60%	1.2	П+1	8.00	со УП
8	Б6.3 - повеќенаменски сали за спортови	60%	1.2	П+1	10.00	Д1,Д3 макс.вкупен збир 40%
9	В1.1 - основно образование: основно училиште	60%	1.2	П+1	8.00	Б6.3 (до 40%), Д3.1 (до 40%)
10	В2.8 - детска градинка	60%	1.2	П+1	8.00	/
11	В2.9 - згради за ветеринарна заштита	60%	0.6	П	4.00	/
12	В3.6 - дом на култура	60%	1.2	П+1	8.00	/
13	В7.3 - полициска станица	60%	1.2	П+1	8.00	/
14	В4.8 - локална самоуправа	60%	1.2	П+1	8.00	со УП
15	В5.1 - верски институции: црква	постоечка состојба (*ЗКО)				не се дозволени
16	Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Г3 – индустрија за склопување на финални производи, Г4 – стоваришта, складови	60%	1.2	П+1	10.00	Б2,Б4 макс.вкупен збир 40%
17	Д1 - парковско зеленило	/				
18	Д2 - заштитно зеленило	/				
19	Д3 - спорт и рекреација на зелени површини	/				
20	Д3.1 – спортски терени на отворено	/				
21	Е1.7–топловодна постројка	100%	1.0	П	4.00	/
22	Е1.8 - трансформаторски станици	100%	1.0	П	4.00	/
23	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани	60%	0.6	П	4.00	Е1.8, Е1.14, макс.вкупен збир 40%
24	Е2.1 - бензинска пумпа, техн.преглед	60%	0.6	П	со УП	Б1,Б4 макс.вкупен збир 40%

Доколку при разработка на урбанистичкиот план за село се дефинираат нови наменски употреби на земјиштето кои се компатибилни на наменската зона, урбанистичките параметри ќе бидат определени така што процентот на изграденост на ниво на градежна парцела не смее да надмине 60%.

Максималната висина на венецот да се планира во однос на тротоарот од планираната улица, односно, заштитниот тротоар на градбите, земен како нулта кота.

Планираната висина на градбите треба да биде пресметана со следните висини:
- кота на тротоар/заштитен тротоар (нулта кота): ± 0.00 м;
- кота на прво ниво (нулта плоча - е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар): ќе се дефинира со проектна програма за градбите и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека;
- катна висина за домување: мин. 2,90 м.
- катна висина за деловна дејност: мин. 3,40 м.
- катна висина за друга намена: ќе се дефинира со проектна програма за градбите.

Основен услов за изградба на планираната површина за градење, висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела, на ниво на терен или подземно, или на јавен паркинг простор во рамки на блокот при разработка на блок со урбанистички проект.

6.2. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Планирањето на уличната мрежа во планскиот опфат на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци е извршено врз основа на актуелната законска и подзаконска регулатива и постојната состојба, односно изградниот градежен фонд, изградената сообраќајна патна инфраструктура.

Трасите на новопланираната улична мрежа се совпаѓаат со трасите на постоечките улици и се со профили согласно стандардите и нормативите за планирање на улици и патишта во село. Заради ограничувањата кои произлегуваат од мерките за заштита од заштитно-конзерваторските основи кои подразбираат забрана за било какви интервенции во рамки на заштитените подрачја, дел од постоечките патни правци мора да бидат прилагодени.

Трасите на регионалните патишта Р1311 (делница Битола – Новаци - Маково) и Р2340 (делница Добрушево – Новаци - Бач), се дефинирани како магистрална улица низ населено место село со попречни профили од 13 и 11 м.
За планираните индустриски зони во селото, дефинирани се индустриски улици со попречни профили од 11.8м.

За останатите зони, не се применува хиерархизирано планирање, сите улици се категоризирани како интегрирани сообраќајници за моторен, велосипедски и пешачки сообраќај (пристапни улици и колско-пешачки улици).

Стационарен сообраќај

За градежните парцели паркирањето е предвидено да се решава во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно. Паркирање на јавни паркинг простори е можно единствено доколку се обезбедат јавни паркинг простори на ниво на блок со претходна разработка на урбанистичкиот план за село при што ќе се утврди точниот број на паркинг места кој се обезбедува на јавните паркинзи и за чии потреби, односно, за кои градежни парцели се однесуваат.

Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење.

Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

Нивелациски план

Како составен дел на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци е изработен Нивелациски план на уличната мрежа. Со нивелацискиот план се дефинирани висинските коти и координати на осовинските точки како и надолжни нагиби на нивелетите.

МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ НИЗ СЕЛО

УЛ„1" ТРАСА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ 1311
УЛ„2" ТРАСА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ 2340



УЛ„3" ТРАСА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ 2340



СЕРВИСНИ УЛИЦИ
УЛ„4",УЛ„5",УЛ„6"



ИНДУСТРИСКИ УЛИЦИ
УЛ„7",УЛ„8",УЛ„10",УЛ„13"



УЛ„9",УЛ„11",УЛ„12"



ПРИСТАПНИ УЛИЦИ

УЛ„67"



УЛ„14"



УЛ„15",УЛ„"16",УЛ„17",УЛ„18",УЛ„19"
УЛ„20",УЛ„"21",УЛ„22",УЛ„25",УЛ„26"
УЛ„27",УЛ„"28",УЛ„29",УЛ„30",УЛ„31"
УЛ„32",УЛ„"33",УЛ„34",УЛ„35",УЛ„36"
УЛ„37",УЛ„"38",УЛ„39",УЛ„40",УЛ„41"
УЛ„42",УЛ„"43",УЛ„45",УЛ„46",УЛ„47"
УЛ„48",УЛ„"49",УЛ„50",УЛ„51",УЛ„52"
УЛ„55",УЛ„"56",УЛ„57",УЛ„58",УЛ„59"
УЛ„60",УЛ„"61",УЛ„62",УЛ„63",УЛ„64"
УЛ„65",УЛ„"66",УЛ„68",УЛ„69",УЛ„70",УЛ„71",УЛ„72"



КОЛСКО-ПЕШАЧКИ УЛИЦИ

УЛ„23",УЛ„24",УЛ„44",УЛ„53",УЛ„54"



ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ



10-ТИ КАНАЛ

ПРЕСЕК А1



ПРЕСЕК А2



ПРЕСЕК СЕКУНДАРЕН КАНАЛ



6.3. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУТКУРА

ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Планираниот развој за водоснабдување и одводнување на фекалните отпадни и атмосферски води во планскиот опфат на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци, се базира на податоците за постојната состојба добиени од надлежните институции, насоките и заклучните согледувања од Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија и анализата на можностите и природата на теренот во рамки на планскиот опфат.

За согледување на потребите од водоснабдување и потребите за одведување на отпадните фекални и атмосферски води на планираните градби за плански период од 2022 до 2032 година направена е следната детална пресметка со проектирани вредности на потрошувачи:

Билансни показатели

Домување (А)		104.35	
Комерцијални и деловни намени (Б)		4.28	
Јавни дејности и институции (В)		1.84	
Рударство, енергетика, индустрија (Г)		13.93	
Зеленило, рекреација и меморијални простори (Д)		6.76	
Инфраструктура (Е)		24.25	
ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	P=	155.41	ха
ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА ДОМУВАЊЕ:			
Предвиден број на жители	N=	3885	
Водоснабдителна норма	Qo=	200	л/ден/жител
Коефициент на дневна нерамномерност	K1=	1.50	
Коефициент на часова нерамномерност	K2=	1.30	
Qср/ден=N*Qo	=	777,000.00	л/ден
Qср/ден=N*Qo/1.000	=	777.00	м³/ден
Qср/ден=N*Qo/86.400	=	8.99	л/сек
Qмах/ден=K1*Qср/ден	=	1,165,500.00	л/ден
Qмах/ден=K1*Qср/ден	=	13.49	л/сек
Qмах/час=K2*Qмах/ден	=	**17.54**	**л/сек**
ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ			
Предвиден број на корисници	N=	300	
Водоснабдителна норма	Qo=	15.00	л/ден/кор
Коефициент на нерамномерност	K=	2.50	
Време на водоснабдување	T=	6	часа
Qмах/ден=N*Qo	=	4,500.00	л/ден/кор
Qмах/ден=N*Qo*K	=	11,250.00	л/час/кор
Qмах/час=N*Qo*K/T	=	1,875.00	л/час
Qмах/час=N*Qo*K/T/3600	=	**0.52**	**л/сек**
ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ВОДА:			
		15.00	**л/сек**
ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА ПОЛЕВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ:			
норматив: 30м³/ден/ха (за 16h)		97.55	м³/час
		27.10	**л/сек**
ВКУПНО ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ:		**60.16**	**л/сек**

Се усвојува минимален пресек
од Ø80 до Ø150

2 ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Количината на отпадни фекални води од дадениот опфат е 80% од Qср/ден и изнесува:

Qотп=Qср/ден*0,80 = **621.60** **м³/ден**

Се усвојува минимален пресек од Ø250

3 АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Интензитет на врнежи - qi	=	110.00	л/сек/ха
коефициент на истекување - ψsr	=	0.50	
Qатм = P*qi*ψsr	=	**8,547.48**	**л/сек**

Се усвојува минимален пресек од Ø300

Водоснабдување
Во рамки на планскиот опфат, постои изведена водоводна мрежа. Со оглед на тоа што се планира систем за водоснабдување кој треба да ја опслужи целатата површина на селото, техничкото решение за поврзување на планираниот изворник ќе биде третирано со соодветни проекти согласно закон со оглед на тоа што правното дејство на овој УПС е исклучиво во рамки на границите на планскиот опфат.

Според Просторниот план на РСМ за водоснадбдување, потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку оформување и одржување на заштитни зони околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во заштитените зони.
Динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето за долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот и да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања и експлоатациони истражни работи со кои ќе се дефинира режимот на хранење на бунарите и ќе се утврди нивната издашност и капацитет. При изработка на проектна документација за добивање на акт за градење согласно закон, задолжително да се обезбеди согласност за снабдување со подземни води (бунари) од страна на надлежна институција.

Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради што би дошло до пореметување на режимот на подземните води. Исто така, потребни се испитувања со кои ќе се утврди квалитетот на водата, односно дали физичко - хемиските и бактериолошките карактеристики на водата одговараат на законските прописи и норми.

Противпожарната заштита на предметниот локалитет е предвидено да се реализира преку поставување на хидрантска водоводна мрежа во профилите на сообраќајниците со надворешни хидранти.

Количеството на вода за противпожарни потреби при едновремена работа на два противпожарни хидранти изнесува:

$q_{пожар}$ = 2*5,0 = 10,0 л/сек

Меродавниот притисок (за гаснење на пожар) на приклучниот хидрант се утврдува согласно Правилник за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење пожар како величина не помала од 2,5 бари. Исто така, согласно истиот правилник, противпожарна мрежа треба да ги задоволи следните услови:

- Максималното растојание помеѓи два хидранти изнесува 80 метри;
- Најмалиот пречник во прстенестата противпожарна мрежа изнесува Ø100 мм;
- Најмалиот пречник на приклучната цевка на хидрантот изнесува Ø 80 мм.

Одведување на отпадни и атмосферски води
Во рамки на планскиот опфат на село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28 постои делумно изведена фекална канализација и не е изведена атмосферска канализација.

За прифаќање и одведување на отпадните води се предвидува изградба на фекална канализација, а за одведување на атмосферските води се предвидува изградба на систем на атмосферска канализација.

Фекалната и атмосферската канализација се со траси во коридорите на сообраќајниците и ги следат подолжните падови на планираните улици и природниот пад на теренот.

Техничкото решение за поврзување на канализационата мрежа надвор од планскиот опфат и позициите на пречистителните станици со сите технички карактеристики ќе бидат третирани со соодветни проекти согласно закон со оглед на тоа што правното дејство на овој УПС е исклучиво во рамки на границите на планскиот опфат.

Сите испусти предвидено е да завршуваат во локалните водотеци. Можноста за поврзување на испустите кои излегуваат надвор од планскиот опфат во еден крак, останува да се преиспитува со соодветни проекти согласно закон, со оглед на тоа што тоа подрачје не е предмет на овој план и правното дејство на планот е исклучиво во рамки на границите на плански опфат.

Крајниот реципиент на атмосферските и пречистените отпадни води е река Црна Река.

Поврзувањето на корисниците со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води се предвидува да се изведе преку приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.

Трасите на комуналната хидротехничка инфраструктура за планскиот опфат на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци, се планирани на земјиште за општа употреба. Во Планската документација, на графички прилог *Инфраструктурен план* се прикажани водоводната мрежа, атмосферската и фекалната канализација и соодветно се означени во легенда.

ЕНЕРГЕТИКА

Електро-енергетска инфраструктура
Со Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци, анализирана е електро-енергетската мрежа за плански период од 2022 до 2032 година.

Потребите за електрична моќност во планскиот опфат се дефинирани со користење на следните коефициенти:
- А - домување: 1kW/жител
- Б – комерцијални и деловни намени 193 kW/ха
- В – јавни дејности и институции: 193 kW/ха
- Г- рударство, енергетика, индустрија 193 kW/ха
- Д - зеленило, рекреација и меморијални простори: 15 kW/ха
- Е - инфраструктура: 15 kW/ха

Намена на земјиште			коефициент		потреби за електрична моќност (kW)
А - домување	3885	жители	1	kW/ха	3885.00
Б - комерцијални и деловни намени	4.28	ха	193	kW/ха	825.23
В - јавни дејности и институции	1.84	ха	193	kW/ха	354.39
Г - рударство, енергетика, индустрија	13.93	ха	193	kW/ха	2689.24
Д - зеленило, рекреација и меморијални простори	6.76	ха	15	kW/ха	101.39
Е - инфраструктура	24.25	ха	15	kW/ха	363.77
				ВКУПНО	**8219.02**

Потребите за електрична моќност во рамки на планскиот опфат за плански период од 2022 до 2032 година изнесуваат 8219.02kW.

Во рамки на планскиот опфат има едидентирано една трансформаторска станица која во графичкиот прилог *Инфраструктурен план* е прикажани со симбол кој ја означува нејзината позиција. Точна локација и дефинирањето на градежни парцели за постоечките и новите трафостаници за потребите на блоковите ќе се утврдат при разработка и спроведување на урбанистичкиот план за село.

Согласно податоците од Еелектродистрибуција АД Скопје, во рамки на опфатот поминуваат траси на надземни водови и тоа: 400 kV и 10 kV далновод. Со овој УПС се предвидуваат заштитни коридори на надземните среднонапонски водови (10kV далноводи) од вкупно 20м (по 10м од двете страни на оската на водот), и 20 од секоја страна на високонапонскиот далновод согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Сите детали за развојот на електро-енергетска мрежа во рамки на планскиот опфат ќе бидат дефинирани во соработка со стручни служби од надлежниот Кориснички енергетски центар.

За постоечкиот далновод на МЕПСО 400 kV предвиден е заштитен појас лево и десно од 10м во кој се забранети градби и минималното вертикално растојание на пресек со тлото и постоечките и планирани улици треба да изнесува 8м.

Согласно Законот за Енергетика (Сл. весник на РСМ бр.101/2025):
член 267 став (1)
Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјишта под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.
член 268 став (1)

За градежна парцела која се простира вдолж и под или до заштитните појаси на постоечките далекуводи и трафостаници, сопственикот односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи за одржување и реконструкција на енергетски објекти како и за вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште.

Согласно Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл. весник на РСМ 25/2019):

член 183

За изградба на метални и жичени огради: металните и жичените огради што се наоѓаат околу објекти во кои се задржуваат поголем број лица или служат за живеење не смеат да се поставуваат во близина на челични или армиранобетонски столбови. Нивната оддалеченост мора да изнесува најмалку 0,7 Un (cm), но не помалку од 20cm, каде што Un е номинален напон во kV. За водови со минимален напон од 110 kV и повеќе потребно е засметување или мерење на индукованите напони при нормален погон на далноводот. Ако индукованиот напон спрема земја е поголем од 65V мораат да се превземат посебни мерки на заштита (заземјување, галванско одвојување на делови од оградата, замена на оградата и слично). Ако заштитата се врши со заземјување отпорноста на заземјувањето не смее да биде пголема од 25 Ω. Сигурносната оддалеченост на водот од металните и жичени огради изнесува 3m.

КООРДИНАТИ НА ПРЕСЕЧНИ ТОЧКИ НА ДАЛНОВОД СО УЛИЧНА МРЕЖА

	x	y
T1	4545343.32	7539925.93
T2	4544895.90	7539849.06
T3	4544580.98	7539794.96
T4	4544382.84	7539760.92

T1 – ПРЕМИН НА ДАЛНОВОД НАД ПОСТОЕЧКИ ПАТ КОН РЕК БИТОЛА



МИНИМАЛНОТО ВЕРТИКАЛНО РАСТОЈАНИЕ ОД НАЈВИСОКАТА ТОЧКА ОД ПОСТОЕЧКИ ПАТ КОН РЕК БИТОЛА ДО НАЈНИЗОК ПРОВОДНИК ОД 400kV ТРЕБА ДА ИЗНЕСУВА МИНИМУМ 8.00М

T2 – ПРЕМИН НА ДАЛНОВОД НАД ПРИСТАПНА УЛИЦА "71"



МИНИМАЛНОТО ВЕРТИКАЛНО РАСТОЈАНИЕ ОД НАЈВИСОКАТА ТОЧКА ОД ПРИСТАПНА УЛ."71" ДО НАЈНИЗОК ПРОВОДНИК ОД 400kV ТРЕБА ДА ИЗНЕСУВА МИНИМУМ 8.00М

T3 – ПРЕМИН НА ДАЛНОВОД НАД ИНДУСТРИСКА УЛИЦА "13"



МИНИМАЛНОТО ВЕРТИКАЛНО РАСТОЈАНИЕ ОД НАЈВИСОКАТА ТОЧКА ОД ИНДУСТРИСКА УЛИЦА "13" ДО НАЈНИЗОК ПРОВОДНИК ОД 400kV ТРЕБА ДА ИЗНЕСУВА МИНИМУМ 8.00М

T4 – ПРЕМИН НА ДАЛНОВОД НАД УЛ.„3" (ТРАСА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ 2340)



МИНИМАЛНОТО ВЕРТИКАЛНО РАСТОЈАНИЕ ОД НАЈВИСОКАТА ТОЧКА ОД УЛ.„3" (ТРАСА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ 2340) ДО НАЈНИЗОК ПРОВОДНИК ОД 400kV ТРЕБА ДА ИЗНЕСУВА МИНИМУМ 8.00М

Улично осветление
Според планскиот концепт на овој урбанистички план се предвидува изградба на нови сообраќајници па согласно со тоа ќе се третира и уличното осветлување. Уличната расвета ќе се реализира со поставување на нови расветни тела.

Со изработка на проекти за осветлување на новопланираните сообраќајни површини, ќе се дефинира моќноста на новите светлосни тела.

Телекомуникациска инфраструктура
Според податоците добиени од Македонски Телеком АД - Скопје и Агенцијата за електронски комуникации во рамки на планскиот опфат нема изведена телекомуникациска мрежа и објекти.

Со цел да се опслужат сите корисници во рамки на планскиот опфат планирана е нова електронска комуникациска мрежа.

Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планирани да се поставуваат во површините на тротоарите и истите да се надоврзат на постоечката мрежа. Развојот на телефонската мрежа се планира да се изведе претежно како кабловска водена во земјени ровови и делумно во телефонска канализација до собирно распределителни ормани со дефиниран манипулативен простор со димензии 1,0м х 0,5м. Бројот и местоположбата на овие инфраструктурни објекти ќе биде дефинирана согласно развојните потреби на мрежата, во коридорот на тротоарот или надвор од коридорот на тротоарот (во зависност од конкретната ситуација и услови на теренот), а во соработка со стручните служби на надлежната институција.

Приклучокот на сите телефонски претплатнички места ќе биде во најблиската автоматска дигитална централа. Бројот на потребните линии ќе биде дефиниран во наредната фаза и истиот не е лимитирачки.

Гасоводна мрежа и објекти
Согласно податоците од ГА-МА АД Скопје и НЕР Скопје, во рамки на планскиот опфат на УПС Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28 нема изведена и проектирана гасоводна мрежа и објекти.

Доколку во планскиот период развојните програми на надлежните институции укажат на потреба од приклучување на село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28 во системот за гасификација, поставувањето на трасите на гасоводите и гасоводните објекти ќе се решава со соодветни проекти согласно Закон.

Топловодна мрежа и објекти
Во развојните програми на надлежните институции и Општина Новаци, планирана е изградба на толоводен систем, прикажан во графичките прилози.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план, односно за изготвување на извод од урбанистички план.

7.1 Општите услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на планот и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе следи по стапување во сила на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци.

7.2 Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа, се третираат како постоечка состојба.

7.3 Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци, а посебните услови се однесуваат на секој блок поединечно.

7.4 Границата на планскиот опфат се совпаѓа со граници на катастарски парцели.

7.5 Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и објекти ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото.

7.6 **Регулациона линија** е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

7.7 **Градежна парцела** е основна, најмала и неделива единица на градежното земјиште која во урбанистичкото планирање претставува најмала површинска единица за планирање на просторот во која се врши деталната агрегација на податоците, урбанистичките параметри и планските одредби од урбанистичкиот план.

7.8 **Намена на земјиштето** е начинот на употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот на уредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.

Градежната парцела е основна и најмала просторна единица на намената на земјиштето.

Класа на намени се формира врз основа на заеднички физички и функционални карактеристики на земјиштето и градбите во кои дејностите и активностите се одвиваат како и врз основа на просторните влијанија од нивното градење и начин на употреба.

Поединечната намена се обележува со тричлена номенклатура: со голема буква од кирилското писмо се обележува групата на класи на намени на којашто и припаѓа класата на намени, потоа со арапски број се обележува класата на намени на која поединечната намена и припаѓа, и со арапски број се обележува поединечната намена.

Во планскиот опфат на овој урбанистички план планирани се следните намени во рамки на наменските зони:

- А1 - домување во куќи
- А3.3 - згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица
- Б - комерцијални и деловни намени
- Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности

- Б2 – големи единици за трговија
- Б2.6 – големи хали и магацини за потребите на трговијата
- Б4 - Деловни и комерцијални дејности
- Б6.3 – повеќенаменски сали за спортови, собири и манифестации
- В1.1 - основно образование
- В2.8 - детска градинка
- В2.9 – згради за ветеринарна заштита
- В3.6 - дом на култура
- В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа
- В5.1 - верски институции: црква
- В7.3 - полициска станица
- Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
- Г3 – индустрија за склопување на финални производи
- Г4 – стоваришта, складови
- Д1 – парковско зеленило
- Д2 - заштитно зеленило
- Д3 – спорт и рекреација на зелени површини
- Д3.1 – спортски терени на отворено
- Е1 – сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- Е1.7–топловодна постројка
- Е1.8 – трансформаторски станици
- Е1.11 –инфраструктури за одводнување
- Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани
- Е2.1 – бензинска пумпа, техн.преглед

7.9 **Комплементарна намена** е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Таа означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплементирање и остварување на осоновната намена на градбата од примарната дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер, но може и да го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

7.10 **Компатибилни намени** се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање. Една од компатибилните намени во просторната единица треба да биде уредена во урбанистички план како основна намена при што другите компатибилни намени во истата просторна единица можат да бидат застапени со најмногу 40% за да не се смени карактерот и начинот на употреба на просторната единица.

7.11 Комплементарните намени треба да ги исполнуваат следните услови:
- тие треба да бидат дополнување на основната намена;
- тие треба да се во функција исклучиво за остварување на осоновната намена;
- тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;
- тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат неманата, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

7.12 **Селско-стопански двор** по правило се состои од два дела: станбен и деловен дел или чист дел, и економски дел или нечист дел.
Економскиот дел од селскиот стопански двор содржи:
1. градби за одгледување на животни:
- стаи за коњи,
- штали за говеда,
- градби за живина,
- градби за кози, овци и свињи,
- градби за зајаци, гулаби и украсна живина;

2. пратечки објекти за градбите за одгледување на животни:
- бетонски писти,
- испусти и рампи за стока,
- објекти за складиштење измет и осока,
- гумно;
3. градби за складиштење на сточна храна:
- магацини за концентрат,
- сило јами,
- сило ровови и трапови;
4. градби за складиштење на земјоделски производи:
- амбари,
- кошеви, и
5. други градби потребни за селски стопански двор:
- хангари за машини и возила,
- пушилници и сушилници,
- магацини, и
- друго.

Во планирањето на селски стопански двор нечистиот дел од дворот мора да се постави во правецот на ветерот зад станбениот дел.
Најмалото растојание помеѓу станбената градба и сточната штала е 15,00 м.
Гумното, складовите на измет и осока, како и полскиот клозет мораат да бидат оддалечени од станбениот дел најмалку 20,00 м, низ доминантниот правец на ветер и на пониска кота.
На терен со наклон кон јавниот или пристапниот пат (нагоре) или на терен со наклон од патот (надолу), станбениот дел од селскиот стопански двор секогаш се поставува на највисоката кота од градежната или катастарската парцела.

7.13 **Површина за градење** претставува дел од градежна парцела ограничен со градежна линија на кој со урбанистички план се утврдуваат услови за градење на градба, и дворно место претставува дел од градежната парцела незафатен со површината за градење и претставува дел од градежното земјиште на парцелата на кој не се гради туку служи за правилно функционирање на градбата согласно нејзината намена.

7.14 **Градежната линија** ја означува границата на површината за градење, односно граница на просторот во градежната парцела кој е наменет за градење.

7.15 **Помошна градежна линија** ги означува промените во габаритот на планираната градба во рамки на површината за градење односно денивелации на првостепената пластика, како што се различни височини на различни делови од градбата, терасести намалувања на висината, пасажи, тремови и сл.

7.16 **Подземна градежна линија** ја означува границата на градењето под котата на теренот кога таа не се совпаѓа со градежната линија, како и градбите што се планираат да се градат целосно под котата на теренот. Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) е ограничена со подземна градежната линија, графички презентирана со испрекината линија и соодветно означена во легенда во графичкиот дел од планската документација. Таа може да се поклопува со границата на градежна парцела.

7.17 Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите:

- Пречекорувања на првостепена и второстепена архитектонска пластика се дозволени само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат се дозволуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепена архитектонска пластика кога за тоа постојат услови, но не повеќе од 0,30м.
- Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела не може да има пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид издадени архитектонски елементи и делови од градба.

- Кога растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е 1,20м, не се дозволени пречекорувања на градежната линија со еркери и други издадени делови на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела, а доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20м.
  Доколку градежната линија не се совпаѓа со регулационата линија, а растојанието помеѓу регулационата и градежната линија е поголемо од 2,00м, овие одредби се употребуваат како за оддалеченост помеѓу градбите од двете страни на улицата
- Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања на градежната линија се:
  1. првиот скалник од влезните партии до 30см, ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25м,
  2. првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см, ако широчината на тротоарот е поголема од 2,25м,
  3. второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12,00м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50м длабочина за улични коридори пошироки од 12,00м,
  4. елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60м над котата на тротоарот,
  5. елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на страничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежна парцела 3,00м и помалку од 3,00м,
  6. третостепена пластика во која спаѓат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см, а на приземниот дел од градбата оваа пластика е дозволена доколку ширината на тротоарот е поголема од 2,25м.
- Дозволени пречекорувања на градежната линија се сметаат сите инсталации за вертикална комуникација, технички инсталации и слично, што по правило се градат од монтажни метални конструкции, како што се:
  1. надворешни лифтови,
  2. противпожарни и други нужни скали и инсталации за вертикална комуникација,
  3. канали и оџаци,
  4. системи за пасивно и активно производство на енергија – кровни соларни панели, фотоволтаични панели и слични,
  5. телекомуникациски антени и инсталации,
  6. други техничко-технолошки уреди и инсталации,
  7. украсни архитектонски елементи и конструкции што го оформуваат архитектонскот израз, а кои можат да имаат и функционална улога како што се брисолеи и дуги елементи и конструкции.
- Процентот на вкупната површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип на архитектонска пластика изнесува 60%.
- Минималното растојание на второстепената пластика на предната и задната фасада (кон лицето и дното на парцелата) до страната на градежната парцела, при калканско спојување на соседните градби изнесува 3м.
- Доколку растојанието помеѓу соседните површини за градење кон дната на парцелите е помало од 8,00м пречекорувањата не се дозволени.
- При површини за градење со меѓусебни растојанија кои кон страните и дното на парцелата се поголеми од 16,00м, нема ограничувања за употребата на архитектонската пластика.

7.18 Оградувањето на градежните парцели не треба да ги наруши безбедноста и прегледноста на сообраќајниците, пристапноста кон градбите од јавен интерес,

како и проодноста и социјабилноста на јавните простори (плоштади, паркови, пешачки зони и сл.), односно:
- оградите се поставуваат во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.
- дозволено е оградување со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 м до 2,00 м со можност за изведба на ѕидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м.

7.19 Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која во урбанистички план ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење. Процентот на изграденост на земјиштето од став се пресметува како однос помеѓу површината за градење и вкупната површина на градежното земјиште на просторната единица изразен во процент.

7.20 Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.
Вкупна изградена површина се пресметува со собирање на сите подни површини на сите надземни катови на градбата, вклучувајќи ги и потпокривните катови, како и сутеренските катови односно катовите под нивото на приземјието што барем со едната своја страна се целосно над теренот. Во вкупната изградена површина не се пресметуваат површините на отворените делови од зградата: наткриени и отворени тераси, балкони, лоѓии, натстреи, тремови, надворешни скали и пристапни рампи. За катовите што се вкопани под нивото на приземјето коишто имаат само една страна над теренот се пресметува 50% од површината.

7.21 Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.
Максимална височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот во случај на совпаѓање на градежната линија со регулационата линија е 15см, при што пристапната патека или тротоарот задолжително се совладува со континуиран пропишан наклон. Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

7.22 Максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како:
1. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, и/или
2. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.
Максималната височина на градбата покрај одредувањето во должни метри, може да се дополнува и со бројот на катови или етажи, при што приземното ниво се обележува со голема буква „П" на која со знак „+" се додава бројот на катови обележан со арапски број.
Поткровје или потпокривен спрат што во урбанистички план се планира како изградена површина чијашто намена е еднаква на намената на градбата, не се обележува во урбанистички планови и урбанистички проект посебно – како поткровје, туку како кат што влегува во бројот на вкупно одредените катови на градбата.
При утврдување на бројот на катови на градби што се на терен во наклон, во урбанистички план треба да се обележат и дозволените катови под котата на приземјето доколку барем со едната страна од градбата се над котата на теренот.

Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап.
Доколку тротоарот односно теренот долж лицето на парцелата е во наклон, максималната височина се одредува во однос на кота на тротоарот што се наоѓа во средината на страната на градбата долж наклонот на теренот.
Најмалата спратна височина со која во урбанистичкиот план се пресметува бројот на спратови, мерено од под до под, за деловна дејност изнесува 3,40 м.
Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден ѕид од градбата поставен на градежната линија од страната на лицето на градежната парцела.
Во дозволената височина на слемето која изнесува 4,5м можно е формирање на повеќе типови на покриви од кои најчести се косите, рамните и мансардните покриви.
Косите покриви имаат агол на косина од најмногу 35 степени.
Мансардниот покрив има максимален агол на косина од 60 степени, кој почнува од завршниот венец поставен на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот е градежната линија.
Рамните покриви имаат агол на косина до 5% и во дозволената силуета е можно скалесто повлекување од страната на лицето на парцелата и оформување кат на дел од последната плоча на градбата, кој кон дното и страните на парцелата е со вертикален ѕид во рамнина со фасадата. Аголот на скалестото повлекување е најмногу 60 степени.
Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат, блок или поединечна градежна парцела и тоа:
- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

7.23 Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела. Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.

Паркинг место е правоаголна површина што служи за стационирање односно мирување на моторно возило со димензии, простор за пристап, маневрирање и пристапна сообраќајница или рампа кои соодветствуваат со меродавниот габарит на возилото. Паркинг местата за моторциклите, велосипедите со мотор, како и за велосипедите се планираат заедно со паркинг местата за моторни возила, при што во површината на едно стандардно паркинг место за возило се пресметуваат 2 места за моторцикли, 6 места за велосипеди со мотор и 8 – 10 места за велосипед. За наменските зони важат следните нормативи за паркирање:

А1 – Домување
-најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторна единици) од 2 до 4
-најмалку 0.75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6
-најмалку 0.50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8
-1 паркинг место за велосипеди

А3 – Групно домување
- За домовите за стари лица, незгрижени деца и ученици : 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 1 паркинг место на 15 легла за домовите за стари лица
-потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска

мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања

Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности
-1 паркинг место на 100м2 од вкупно изградената површина

Б2 – Големи трговски единици
- 1 паркинг место на 70 м2 од вкупно изградената површина,

Б2.6 – големи хали и магацини за потребите на трговијата
-1 паркинг место на 70м2 од вкупно изградената површина

Б4 –Деловни дејности
- 1 паркинг место на 8 вработени во смена

Б6.3 – повеќенаменски сали за спортови
-1 паркинг место на 12 гледачи

В1.1 – Образование и наука, основно образование
-1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10%, но најмалку 2 места
-1 паркинг место за секои 10 вработени и 1 паркинг место на секои 10 корисници (за велосипеди)

В2 – Здравствени и социјални установи
- За здравствени установи 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,
- за социјални установи 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,

В3.6 – дом на култура
-1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10%, но најмалку 2 паркинг места

В4 – државни администрации и институции
-1 паркинг место на 5 вработени во смена плус 10%, но најмалку 2 паркинг места

В4.8 – локална самоуправа
-1 паркинг место на 5 вработени во смена плус 10%, но најмалку 2 паркинг места

В5.1 – Верски институции: црква
-1 паркинг место на 40м2 од вкупна површина

Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Г3 – индустрија за склопување на финални производи
Г4 – стоваришта, складови
- Потребниот број на паркинг места да се утврди при спроведување на планот во зависност од бројот и структурата на вработените
- Потребниот број на паркинг места да се утврди со проектна документација во зависнсот од потребите на градбата

Д1 – парковско и пејсажно зеленило
-најмалку 5 паркинг места

Д3 – спорт и рекреација на зелени површини
-најмалку 7 паркинг места

Е – инфраструктури

- Потребниот број паркинг места да се утврди во зависност од бројот и структурата на вработените и фреквенцијата и структурата на корисниците

7.24 Димензии на паркинг место и паркинг простор:

Најмало паркинг место за паркирање на лесни возила за јавни паркинг простори и за сите намени, е со широчина од 2,50 м и должина 5,00 м, освен зграда за домување до 10 стана, при што во оваа површина не може да навлегува ниту еден дел од градбата, опремата или инсталациите. Паркинг местата кај кои од едната или обете подолжни страни има ѕид, столб или друг вертикален градежен елемент, ограда или опрема, се прошируваат за 0,30 м од страната на вертикалниот градежен елемент, при што кога градежниот елемент е од едната страна паркинг местото се проширува за 0,30 м, додека ако градежен елемент има од двете страни на паркинг местото, тоа се проширува за уште 0,20 м. Ова важи доколку градежните елементи се наоѓаат во првата половина од длабочината на паркинг местото (2,50 м од пристапната површина кон паркингот), адоколку градежните елементи се во зоната на втората половина од длабочината, најмалите димензии на паркинг местото остануваат исти - широчина од 2,50м и должина 5,00м**.**

Димензиите на паркинг местото важат за паркирање под агол од 90 степени и тоа доколку широчината на пристапната комуникација до паркинг местото е поголема од 6,00 м. Доколку пристапната комуникација е широка од 5,60 до 6,00 м, паркинг местото се проширува за 0,30 м и изнесува 2,80 м.

Минималната широчина на комуникацијата за пристап до паркинг место за паркирање под агол од 90 степени е 5,60 м.

Минимални димензии на паркинг место за градежни парцели наменети за домување во градби до 10 стана е 2,40 м со 4,80 м, додека најмала широчина на пристапната комуникација до паркинг местото е 4,80 м, но овие две најмали вредности за широчина на паркинг местото и за пристапната комуникација не можат да се предвидуваат заедно истовремено за исто паркиралиште, туку употребата на едната минимална вредност повлекува употреба на поголема вредност на другата.

Минимални димензии за гаража за лесни возила е 3,00м широчина и 6,00м длабочина, сметајќи го светлиот простор помеѓу ѕидовите.

Минимални димензии на паркинг место за:

- автобус е 3,50 м широчина и 15,00м должина за паркирање под агол од 45 степени, а за паралелно паркирање 3,00м широчина и 17,00м должина,
- товарно возило е 3,50 м широчина и 22,00м должина за паркирање под агол од 45 степени, а за паралелно паркирање 3,00м широчина и 24,00м должина,
- туристичко возило е 3,50 м широчина и 10,00 м должина за паркирање под агол од 45степени, а за паралелно паркирање 3,00м широчина и 14,00м должина.

Минимална светла димензија на платформа за автолифт за лесни моторни возила е 2,70 / 5,40 м.

7.25 Паркинг местата за велосипеди можат да бидат дел од паркинг просторот за моторниот сационарен сообраќај, дел од посебно проширениот простор во состав на површините за велосипедски сообраќај или дел од пешачкиот простор.

Минамални димензии на паркинг место за велосипед изнесуваат: широчина 0,60м и должина 1,80 м, додека оптимални демензии се 0,75 со 2,00 м

Од вкупниот број на паркинг места за велосипеди, минимум 50% треба да бидат во покриени простори.

Доколку во градежната парцела егзистираат повеќе намени чиешто користење временски не се преклопува, бројот на паркинг места се утврдува само за намената за која се потребни најмногу паркинг места, односно за намените коишто едновремено секористат, а имаат најголем збир на потребни паркинг места.

7.26 Минимални димензии кои се применуваат при пресметување на потребниот број на паркинг места при спроведување на урбанистичкиот план:

- Површината за паркирање со пристап на едно патничко моторно возило со 4+1 седишта треба да изнесува од 25 до 35м^2.

- Површината за паркирање со пристап на едно лесно товарно возило треба да изнесува од 53 до 72м^2.
- Површината за паркирање со пристап на еден единечен автобус треба да изнесува
од 60 до 81м^2.
- Површината за паркирање со пристап на едно тешко товарно возило или зглобен автобус треба да изнесува од 63 до 90м^2.
- Површината за паркирање на велосипед треба да изнесува од 1,10 до 1,50м^2.

7.27 Во процесот на спроведување на урбанистичките планови за исполнување на нормативите за паркирање, можно е реализирање заедничко подземно и надземно паркирање за две или повеќе парцели преку заедничка пристапна комуникација, заради обезбедување на потребениот број на паркинг места, што се овозможува со меѓусебни договори и други правни дела помеѓу сопствениците на градежното земјиште што е опфатено со предметните градежни парцели.

7.28 Пристап до паркинг простор:
Рампите за пристап до паркиралишта и гаражи во подземни или надземни градби со капацитет до 40 возила ги имаат следниве најголеми подолжни наклони:
- до 16% за отворени прави рампи,
- до 16% за покриени кружни рампи, и
- до 20% за покриени прави рампи

Минимална широчина на еднонасочна права рампа изнесува 3,50м, а за еднонасочна кружна рампа изнесува 4,00м. Минималната широчина на двонасочните прави рампи изнесува 5,50 м, а на кружните изнесува 7,00 м.

Оптималните и максималните наклони на рампи за пристап до паркинг места во подземни или надземни паркиралишта или гаражи со капацитет над 40 возила изнесуваат:
- 12% - 15% за отворени прави рампи,
- 12% - 15% за покриени кружни рампи, и
- 12% - 18% за покриени прави рампи.

Оптимална и минимална широчина на рампи е 3,75 – 3,25м за еднонасочна права рампа и најмалку 4,20м за еднонасочна кружна рампа. Оптимална и минимална широчина на рампите за двонасочен сообраќај изнесува 7,00 – 6,00м за прави рампи и 8,20 – 7,60 м за кружни рампи.
Минималниот радиус на кружните рампи изнесува 6,00м, мерено од оската на претпоставената патека на меродавното лесно возило, а минималниот радиус на коловозот на рампата е 4,10 м.
Доколку просторните услови во конкретна градежна парцела не овозможуваат пристап со рампа, при спроведување на урбанистичкиот план можат да се предвидат автолифтови за пристап до подземниот или надземниот паркинг простор во согласност со стандардите за овој вид на лифтовски начин на паркирање на возила.

7.29 Планскиот опфат е организиран во 28 блока чии граници се совпаѓаат со осовините на новопланираните улици, граници на катастарски парцели и со границите на планскиот опфат.

7.30 При дефинирање на градежните парцели со соодветна техничка документација согласно важечката законска и подзаконска регулатива, ќе се утврдат следните урбанистички параметри:
- број на градежна парцела;
- граница и површина на градежна парцела (м^2);
- граница и површина во која може да се гради ограничена со градежни линии (м^2);
- максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
- вкупна површина по катови (м^2);
- максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на венец (м');

• максимален број на спратови;
• потребен број на паркинг места (пресметани согласно стандарди и нормативи) кои треба да се обезбедат во рамките на градежната парцела.

7.31 За наменските зони во планскиот опфат се дефинирани следните урбанистички параметри:

А1 - домување во куќи
вкупна површина во плански опфат: 104.04ха
максимален процент на изграденост: 50%
максимален коефициент на искористеност: 1,5
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: Б1(до 40%)-дозволени се: Б1.3(до 40%) Б1.10(до 40%), Б1.11(до 40%), Б1.13(до 40%), Б1.14(до 40%), Б1.15 (до 40%)

А3.3 - згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица
вкупна површина во плански опфат: 0.31ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,8
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:Б1(до 40%), Б4(до 40%) Б5(до40%), В2.2(до 40%)

Б - комерцијални и деловни намени
вкупна површина во плански опфат: 0.29ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,8
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: со УП макс.вкупен збир 40%

Б1.1 мали единици за комерцијални и деловни дејности
вкупна површина во плански опфат: 0,50ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени: /

Б2 големи единици за трговија
вкупна површина во плански опфат: 0.27ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени: со УП макс.вкупен збир 40%

Б2.6 големи хали и магацини за потребите на трговијата
вкупна површина во плански опфат: 2.61ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 10,00м
компатибилни класи на намени: Г2,Г3,Г4 макс.вкупен збир 40%

Б4 деловни и комерцијални дејности
вкупна површина во плански опфат: 0.11ха

максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени: со УП макс.вкупен збир 40%

Б6.3 повеќенаменски сали за спортови
вкупна површина во плански опфат: 0.50ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 10,00м
компатибилни класи на намени: Д1,Д3 макс.вкупен збир 40%

В1.1 основно образование – основно училиште
вкупна површина во плански опфат: 0.36ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,0м
компатибилни класи на намени: Б6.3(40%), Д3.1(40%)

В2.8 детска градинка
вкупна површина во плански опфат: 0.10ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,0м
компатибилни класи на намени: /

В2.9 згради за ветеринарна заштита
вкупна површина во плански опфат: 0.19ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 0,6
максимална катност: П
максимална висина на венец: 4,0м
компатибилни класи на намени: /

В3.6 дом на култура
вкупна површина во плански опфат: 0.10ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8.0м
компатибилни класи на намени: /

В4.8 локална самоуправа
вкупна површина во плански опфат: 0.26ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8.0м
компатибилни класи на намени: /

В5.1 верски институции - црква
вкупна површина во плански опфат: 0,19ха
максимален процент на изграденост: постоечки*
максимален коефициент на искористеност: постоечки*
максимална катност: постоечка*
максимална висина на венец: постоечка*

компатибилни класи на намени: не се дозволени *

* **Согласно мерките за заштита од Заштитно-конзерваторски основи, дозволено е да се врши само конзервација, реставрација, реконструкција на одредени делови и санација, согласно законска регулатива**

В7.3 полициска станица
вкупна површина во плански опфат: 0.65ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8.0м
компатибилни класи на намени: /

Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Г3 – индустрија за склопување на финални производи
Г4 – стоваришта, складови
вкупна површина во плански опфат: 13.93ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 10.0м
компатибилни класи на намени: Б2,Б4 макс.вкупен збир 40%

Д1 парковско зеленило
вкупна површина во плански опфат: 0,21ха

Д2 заштитно зеленило
вкупна површина во плански опфат: 3.66ха

Д3 спорт и рекреација на зелени површини
вкупна површина во плански опфат: 1.94ха

Д3.1 спортски терени на отворено
вкупна површина во плански опфат: 0,95ха

Е1 сообраќајни, линиски и други инфраструктури
вкупна површина во плански опфат: 18.32ха

Е1.7 топловодна постројка
вкупна површина во плански опфат: 0.03ха
максимален процент на изграденост: 100%
максимален коефициент на искористеност: 1,0
максимална катност: П
максимална висина на венец: 4,00м
компатибилни класи на намени: /

Е1.8 трансформаторска станица
вкупна површина во плански опфат: 0.04ха
максимален процент на изграденост: 100%
максимален коефициент на искористеност: 1,0
максимална катност: П
максимална висина на венец: 4,00м
компатибилни класи на намени: /

Е1.11 инфраструктури за одводнување
вкупна површина во плански опфат: 1,67ха

Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани
вкупна површина во плански опфат: 3,86ха
максимален процент на изграденост: 60%

максимален коефициент на искористеност: 0,6
максимална катност: П
максимална висина на венец: 4.0м
компатибилни класи на намени: Е1.8, Е1.14 макс.вкупен збир 40%

Е2.1 бензинска пумпа , техн.преглед
вкупна површина во плански опфат: 0,33ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 0,6
максимална катност: П
максимална висина на венец: согласно УП
компатибилни класи на намени: Б1,Б4 макс.вкупен збир 40%

7.33 Условите за изградба на објектите, треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефон и одводнување на отпадните фекални и атмосферски води.

7.34 Предвидените траси за комунална инфраструктура (хидротехничка, електро-енергетска и телекомуникациска) се наоѓаат во рамки на земјиште за општа употреба. Диспозицијата на трасите и другите нивни технички карактеристики можат да биде предмет на промена со изработка на соодветна техничка документација согласно закон.

7.35 Доколку за водоснабдување се користат подземните води, динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до нарушување на режимот на подземните води.

7.36 Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал откако задолжително ќе биде извршен третман – пречистување во сопствената парцела (за парцели со намена лесна и незагадувачка индустрија) и во целост според хидротехнички услови издадени од страна на надлежното комунално претпријатие.

7.37 Техничките решенија за поврзување на фекалната и атмосферската канализациона мрежа надвор од планскиот опфат, определувањето на позиции и технички карактеристики за пречистителни станици за третман на отпадните води пред испуштање во крајниот реципиент да се решаваат со Проекти за инфраструктура и Основни проекти.

7.38 Крајниот реципиент на атмосферските и отпадните фекални води е Црна Река.

7.39 Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со "услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

7.40 Низ планскиот опфат поминува 400 и 10kV далновод, прикажан во документационата основа и во планската документација со соодветен заштитен појас, заштитниот појас изенсува 20 и 10 метри лево и десно од оската на водот. Овој заштитен појас се однесува на површината и просторот под, над и покрај самиот вод кој е потребен за заштита и одржување на водот и во него не е дозволено изведување на работи, односно, планирање и градење без согласност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје. За промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктурата, претходно е потребно да бидат исполнети услови за промена или дислокација, односно, инвеститорот е должен да поднесе барање и да ги надомести трошоците за истото, по издадено техничко решение од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје. Се до исполнување на условите за промена и дислокација на водот и реализација на техничкото решение, важи неговиот заштитен појас и одредбите од Закон за енергетика и Мрежни правила за дистрибуција на електричната енергија.

7.41 Дефинирањето на градежни парцели за постоечките и новите трафостаници за потребите на блоковите ќе се утврдат со соодветна техничка документација согласно закон при спроведување на урбанистичкиот план за село.

7.42 Телекомуникациските коридори треба да се планираат во површини од тротоари, пристапни улици и пешачките патеки. За уличните телекомуникациски ормари потребно е да се обезбеди манипулативен простор со димензии од 1,0м х 0,5м. Бројот и местоположбата на истите ќе се дефинира согласно развојните потреби на мрежата и конкретните услови на теренот, во соработка со стручните служби на надлежната институција.

7.43 Доколку при изградба на нов објект или реконструкција и уредување на улиците и отворените простори дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

7.44 При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците. Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

7.45 Површините со намена Д2 - заштитно зеленило низ кои што е евидентирано или се планира поминување на траси на инфраструктурни водови и нивни заштитни коридори да се уредуваат исклучиво како површини со ниска трева, без високо зеленило.

7.46 Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило. Минимална застапеност на зеленилото во рамките на градежните парцели под кое не се предвидува градба да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/2018 и 42/20). Минималниот процент на земја целица за подигање на високо зеленило под кој не смее да има подземна градба изнасува 10% од површината на парцелата.

7.47 При спроведување урбанистичкиот план за село, доколку се појават соседни наменски зони кои се некомпатибилни помеѓу себе и кои не се раздвоени со јавна површина, да се предвидат „тампон" зони од високо зеленило за нивно разграничување. Овој услов не важи за сродните класи на намени кои спаѓаат во иста група на класи на намени.

7.48 Површините наменети за движење на пешаци (пешачки патеки, пешачки улици, тротоари, плоштади), кадешто карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

7.50 Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12. Притоа рампата треба да биде димензионирана за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65м, а оптимална широчина треба да е 1,80м

7.51 Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максималната должина на рампата е 15м

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптималната должина треба да е 1,80м

7.52 Задолжително да се предвидат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу коловозот и тротоарот со минимална широчина од 1м, а оптимална широчина од 1,80м. Најголем наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% или во однос (1:20)

7.53 Во објектите со намена Б и В, задолжително да се предвидат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири. Овие рампи се димензионираат како во точка 6.39, 6.40 и 6.41 при што минималната широчина треба да биде 1м.

7.54 Сообраќајните решенија за типови на раскрсници на уличната мрежа, подолжните наклони, нивелманските решенија на улиците можат да бидат предмет на промена со соодветна техничка документација согласно Закон, при што ќе се преиспита и останатата линиска комунална инфраструктура во предметните проектни опфати во однос на позиција на траси како резултат на промена на елементите на обликување на сообраќајниците.

7.55 Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење. Рекламите и другите елементи од урбана опрема не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот на пешаците, а особено на лицата со инвалидност со колички, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес.

7.56 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

7.57 Согласно Законот за одбрана (Сл. весник на РМ бр.42/01; 05/03; 58/06; 110/08; 51/11; 151/11; 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување

(Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16), Законот за пожарникарството (Сл. весник на РМ, бр. 67/04; 81/07; 55/13; 158/14; 193/15 и 39/16) и Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ, бр.29/05; 36/11; 41/14; 104/15 и 39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

7.58 Критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежни земјишта:

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на град Скопје, предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот за државната управа и надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
- Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките
- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и другите активности да се врши во согласност со прифатените современи техники и стандарди, прилагодени на научно – техничкиот развој на начин на кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.
- Објектите и постојките кои што се во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата вклучувајки и цевководи за транспорт на такви материи и супстанци, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води.
- Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.
- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл. Весник на РМ бр. 18/99)
- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци се забранува:
  - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите.
  - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите
  - да се менува правецот на водотекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање
  - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите без одобрение
  - да се копаат прокопи и канали по должината на насипот и коритото поблиску од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножницата и насипот
  - да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи)

7.59 Да се почитуваат Заклучните согледувања од Условите за планирање на просторот (тех. бр. Y17220 од август 2021) изработени од Агенцијата за планирање на просторот и Решението од Министерството за животна средина и просторно планирање (бр. УП1-15 1396/2021 од 28.09.2021)

7.60 Изградбата на нови објекти, како и изградбата на сообраќајници и комунална инфраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото.

8 ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на блоковите дефинирани со Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци

8.1 Процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, катноста и висината на венец ќе се дефинираат согласно табелата за максимално дозволени урбанистички параметри во рамки на градежните парцели која е составен дел на нумеричкиот дел на урбанистичкиот план за село.

8.2 Доколку при разработка на урбанистичкиот план за село се дефинираат нови наменски употреби на земјиштето кои се компатибилни на наменската зона урбанистичките параметри ќе бидат определени така што процентот на изграденост на ниво на градежна парцела не смее да надмине 70%.

8.3 За сите идни градежни парцели кои граничат со регионалниот пат пред издавање на одобрение за градба да се побара мислење од надлежна институција.

8.4 Поединечни објекти со статус на заштитено добро значајно културно наследство:
- Црква „Св. Атанасиј"

8.5 На локацијата на црквата „Св.Атанасиј "во село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, не смее да се преземаат никакви градежни зафати без предходен увид и одобрение од надлежната установа за заштита на културно наследство. Планираните мерки на непосредна заштита ке бидат определени согласно законската регулатива од страна на надлежната установа.

8.6 При било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата во зоните на заштита на културното наследство, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство. Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши ревалоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен заштитен режим.

8.7 За постоечкиот далновод на МЕПСО 400 kV предвиден е заштитен појас лево и десно од 10м во кој се забранети градби и минималното вертикално растојание на пресек со тлото и постоечките и планирани улици треба да изнесува 8м.

Согласно Законот за Енергетика (Сл. весник на РСМ бр.101/2025):
член 267 став (1)
Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјишта под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.
член 268 став (1)
За градежна парцела која се простира вдолж и под или до заштитните појаси на постоечките далекуводи и трафостаници, сопственикот односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи за одржување и реконструкција на енергетски објекти како и за вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште.
Согласно Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл. весник на РСМ 25/2019):

член 183

За изградба на метални и жичени огради: металните и жичените огради што се наоѓаат околу објекти во кои се задржуваат поголем број лица или служат за живеење не смеат да се поставуваат во близина на челични или армиранобетонски столбови. Нивната оддалеченост мора да изнесува најмалку 0,7 Un (cm), но не помалку од 20cm, каде што Un е номинален напон во kV. За водови со минимален напон од 110 kV и повеќе потребно е засметување или мерење на индукованите напони при нормален погон на далноводот. Ако индукованиот напон спрема земја е поголем од 65V мораат да се превземат посебни мерки на заштита (заземјување, галванско одвојување на делови од оградата, замена на оградата и слично). Ако заштитата се врши со заземјување отпорноста на заземјувањето не смее да биде пголема од 25 Ω. Сигурносната оддалеченост на водот од металните и жичени огради изнесува 3m.

9 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

9.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во доменот на заштитата на животната средина основната цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на животната средина се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку примена на современи стандарди и нормативи.

Локалитетот ќе се развива согласно современите урбанистички принципи, а поради карактерот на планираната намена, проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се очекува да бидат посебно изразени, но мора да бидат земени во предвид.

- **Заштита на воздухот**

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Покрај ова неопходно е да се оформи (каде што е можно) заштитно зеленило во простори со различен степен на чистота на работната средина, кои имаат значење од аспект на подобрување на микроклиматските влијанија.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила);
- примена на соодветни техничко - технолошки мерки;
- обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- подигање и оформување (секаде каде што има услови) на заштитни зелени појаси покрај сообраќајница;
- уредување на зелени површини во рамките на градежната парцела и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленило во и надвор од планскиот опфат.

- **Заштита на водите**

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи, а во овој плански документ соодветно место треба да најдат следните поставки:

- заштита на проточните и подземните води со обезбедување на соодветни техничко-технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадните води, пречистителни станици и сл.);
- доследно почитување на прописите кои се однесуваат на големината и одржувањето на санитарно - заштитните зони;
- неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот;
- континуирано следење на квалитетот на водите.

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи за заштита на проточните и подземните води – Закон за водите (Сл.Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16). Со цел за остварување на поставката за планско и рационално користење на водите, се предлагаат мерки за обезбедување на нивниот квалитет меѓу кои: техничко-технолошки мерки, изградба на целосна канализациона мрежа, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и тн.

- **Заштита на почвата**

Чиста и незагадена почва е исто така, еден од важните предуслови за заштита на животната средина. Во таа смисла треба да се обезбеди поголема контрола при употребата на хемиските заштитни средства, материјалите и суровините кои ќе се користат во прометот и работењето на планираните содржини во рамките на градежната парцела.

- **Заштита од бучава**

Заштитата од бучава е регулирана со законски и подзаконски акти: Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр.79/07, 142/10, 47/11, 163/13 и 146/15); Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл. весник на РМ бр.01/09 и 38/13).

При изградба на објектите потребно е да се предвидат технологии и техники кои ќе придонесат за намалување на загадувањето со бука и доведување на истото во законски дозволените мерки.

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајницата, треба да се решава со обезбедување на заштитно зеленило покрај истата во рамките на градежната парцела, кое во исто време ќе значи и озеленување и оплеменување на просторот во дворното место.

- **Третман на отпад**

Законот за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.

Во рамките на планскиот опфат, имајќи ја во предвид планираната намена, содржини и дејности кои ќе се одвиваат во планираните градби, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад.

Заради тоа е потребно планско согледување и определување на соодветна локација за депонија како и нејзино организирање и уредување за современ транспорт, третман и уништување на отпадот.

9.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18), Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

1) Изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
2) Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
3) Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
4) Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5) Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура.
Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:
1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:
- Засолнување;
- Заштита и спасување од поплави;
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- Заштита и спасување од урнатини;
- Заштита и спасување од техничко технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:
- Евакуација;
- Згрижување на загрозеното и настраданото население;
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- Прва медицинска помош;
- Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- Асанација на теренот.

- **Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

Во доменот на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16, 83/18), Законот за пожарникарството (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 36/16) и други позитивни прописи, при планирање на просторот важни се следните критериуми за заштита од пожар:

- Пристап со возило до секој дел од локалитетот односно до секоја градба;
- Сообраќајните површини да се со ширина не помала од 6,0м со што се обезбедува пристап на противпожарно возило, а просторот околу градбите да овозможува движење и интервенирање околу градбите, што е во соглсаност со Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. весник на РМ бр.32/11):
- Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
- Во случај на пожар, планскиот опфат наменет за домување, зеленило, земјиште за општа употреба и комунална супраструктура, ќе го опслужуваат противпожарните единици од Општина Новаци;
- За изградба на објектите да бидат користени соодветни материјали со што ќе се елиминира една од причините кои ја зголемуваат нивната повредливост од пожар.
- За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива.
- Предвидување на надворешна противпожарна хидрантска мрежа која одговара на прописите за надворешни противпожарни хидранти во населени места, при што, растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5м, а најмногу 80м.
- Да се овозможи непречен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот.
- меѓусебното растојание на градбите при проектирањето и изведувањето, односно, потребното меѓусебно растојание на градбите треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помало од 8м согласно член 24 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. весник на РМ бр.32/11)

- **Мерки за заштита и спасување од урнатини**

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање и во понатамошната разработка и спроведување со основни и урбанистички проекти, треба да се води сметка за следните мерки:

- Планираната височина на градбите да овозможува непречени услови за заштита и спасување во случај на природни и техничко-технолошки хаварии;
- При рушење, објектот зафаќа Н/2 од површината околу себе, односно рушевините да се во рамките на парцелата;
- Сообраќајната мрежа во комплексот да не биде попречена со рушевини заради непречен пристап на интервентни возила во случај на пожар, потреба од медицинска и прва помош, други специјални возила, итн;
- Сите слободни простори и површини наменети за зеленило, во случај на потреба ќе се користат за евакуација на луѓе и материјални добра, укажување на прва помош,

активирање на единици или опрема на специјализирани екипи за дејства и активности во функција на помош и заштита, отстранување на дефекти и друго;
- Заради заштита на теренот од можни свлечишта потребно е да се изработат елаборати со геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања врз основа на кои ќе се пропишат соодветни решенија.
- При проектирање да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со полама количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

- **Мерки за заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди и техничко-технолошки несреќи**

Во рамките на планскиот опфат, во планираните капацитети со основна намена, како и предвидената можност за организација и уредување на комплементарните намени во функција на основната намена, доколку се одвиваат процеси, дејности и активности кои не побаруваат многу енергија или создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и каде не се очекува да предизвикаат поголеми техничко-технолошки несреќи, при планирањето и проектирањето мора доследно да се применуваат законските регулативи кои ја регулираат соодветната проблематика, односно да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18) и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа проблематика.

- **Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18), да се предвидат следните мерки:
- да се предвидат мерки за заштита на луѓето, добитокот и растенијата од радиолошка, хемиска и биолошка опасност во согласност со законските прописи;
- за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на марките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

- **Засолнување**

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградуваат во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

9.3. МЕРКИ ЗА ОДРЖЛИВА МОБИЛНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

Изработката, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови цели кон надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционална пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и лицата со намалена подвижност, а тоа подразбира утврдување на мерки и плански одредби.

Мерките за пристапност и проодност во рамки на овој детален урбанистички план се однесуваат на сите јавни сообраќајни и други пешачки површини на земјиште за општа употреба.

Површините за движење на пешаците на земјиште за општа употреба, освен ако тоа е неизбежно заради околностите на теренот, не треба да имаат денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што може да ја попречи или намали пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до градбите за јавна употреба.

При спроведување на урбанистичкиот план, задолжително се предвидува превладување и отстранување на сите постојни денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што ја попречуваат или намалуваат пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до сите видови на пешачки површини на земјиште за општа употреба.

Во процесот на спроведување на урбанистички планови не може да се поставува масивна урбана опрема, сезонска угостителска опрема, какви било прегради, конструкции, платформи, надградени денивелирани подови, скали, конструкции за наткриени тераси од угостителски намени, паркинг места или други опреми, инсталации, предмети или градби што ќе претставуваат архитектонски и урбани бариери за движење на лицата со инвалидност и намалена подвижност и што ќе го стеснуваат пропишаниот слободен профил за движење на тротоарот.

Површините за движење на пешаците каде што теренот е во наклон треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со пожелен подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи со подолжен наклон најмногу до 8,33% или во однос 1:12. Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со најголем подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи до 8,33% или во однос 1:12.

Рампата се димензионира за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65 м, а оптималната широчина треба да е 1,80 м. Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9,00м,
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12,00м, и
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максимална должина на рампата е 15,00м

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптимална должина треба да е 1,80м.

Најголем попречен наклон на тротоарите и другите пешачи патеки што е нормален на смерот на движењето и оската на патеката изнесува 2%.

При спроведувањето на урбанистичките планови треба да се предвидуваат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот. Рампите за совладување на висинската разлика помеѓу тротоарот и коловозот по правило се изведуваат со специјални закосени елементи од рабниците кои се изведуваат без вертикална денивелација до нивото на коловозот и во широчина на целиот пешачки премин. Најголемиот наклон на рампата од став (1) на овој член е е

8,33% или во однос 1:12, а доколку е тоа технички неизведливо по исклучок наклонот може да е најмногу до 10% или во однос 1:10.
Поради обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижност по јавните тротоари од уличната мрежа најмалата пожелна широчина на тротоарите и пешачките патеки треба да биде: 2.40 м (90см + 75см + 25см + 50см), која се добива со додавање на просторни модули за исполнување на минималниот услов за разминување на лице во инвалидска количка – 90 см, пешак – 75 см, заштитен простор до ограда или зграда – 25 см и заштитен појас до коловоз – 50 см. Во исклучителни случаи кога пешачката патека не граничи со коловоз и/или нема појас за урбана опрема, најмалата широчина на патеката може да биде 1,90 м (90см + 75см + 25см).

Апсолутен минимум на широчина на пешачка патека кој е дозволен само за патеки што се од двете страни опкружени со трева или друга слободна површина, и немаат никаква урбана опрема, е 1,65 см (90 см + 75 см).

Во коридорот на основните пешачки движења (кој за најмалата широчина на тротоар или пешачка патека изнесува 90см + 75см = 165 см) не можат да се поставуваат елементи од урбана опрема или други подвижни препреки или сезонска опрема, како што се рекламни панои, угостителска опрема и слично.

Делови од градбите што се непосредно долж тротоарите и пешачките патеки, како што се надстреи, конзоли, инсталации, опрема и слично, како и елементите од урбаната опрема и долните делови од крошната на дрвјата мораат да бидат издигнати најмалку 2,50м во однос на котата на пешачката површина, колку што изнесува висината на пешачкиот просторен модул.

При спроведувањето на урбанистичкиот план задолжително се предвидуваат специјално димензионирани и обележани паркинг места за возила што ги користат лицата со инвалидност и намалена подвижност. Местата за паркирање да ги исполнат следните услови:
- најмалата дозволена димензија на местото да е 3,70 / 5,00 м,
- доколку паркиралиштето не е изведено во исто ниво со тротоарот или со пристапната пешачка патека до него, тогаш излезот од паркиралиштето се обезбедува со пешачка патека или рампа со наклон не поголем од 5%, а во исклучителни случаи со максимален наклон до 8,33% и минимална широчина од 1,40 м,
- паркинг местата се поставуваат најблиску до влезовите на блиските градби или до вертикалните комуникации,
- паркинг местото мора секогаш да биде планирано, проектирано и изведено во хоризонтална нивелета, а никогаш во правецот на подолжниот нагиб,
- паркинг местото може да има попречен нагиб од најмногу 2%.

Бројот на местата за паркирање се планираат според следните стандарди:
- за јавни гаражи, јавни паркиралишта, градби за јавна употреба и станбени и станбено-деловни згради со десет и повеќе станови – најмалку 3% од вкупниот број места за паркирање, но не помалку од едно паркинг место,
- на јавни паркиралишта со помалку од 20 места што се наоѓаат блиску до амбуланта, апотека, основно училиште, детска градинка, продавница за прехранбени производи и слично, најмалку едно паркинг место,
- на паркиралиштата на бензинските пумпи, ресторани и мотели покрај магистралните и регионалните патишта 3% од вкупниот број места за паркирање,
- на паркиралиштата на болниците, здравствените домови, домовите за стари и други здравствени и социјални установи, најмалку 5% од вкупниот број места за паркирање, но не помалку од две места.

9.4. МЕРКИ ЗА ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА НАСЕЛБИТЕ И НИВНАТА ОКОЛИНА

Остварувањето на целите на урбанистичкото планирање треба да се обезбеди со планирање на простори, подрачја и градби во живо зеленило, односно со планирање на зелената урбана инфраструктура во урбанистичките планови. Така се обезбедува подобрување на многу аспекти од животот во населените места.

Во системот на урбани зелени инфраструктури во населените места, основни категории на зелените површини се:
- јавните зелени површини,
- зелените површини со ограничена намена, и
- зелените површини со специјална намена.

Според надлежноста на планирње, подигање и одржување, планираното зеленило во рамки на опфатот спаѓа во следните категории:
- јавно зеленило, подигнато е на земјиште за општа употреба и претставува општо добро;
- приватно зеленило, подигнато во рамки на земјиште од дворни места на градежните парцели.

Приватното зеленило е регулирано со обврската за реализација на 20% од вкупната површина на градежната парцела со зеленило, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/18 и 42/20). Под површината со зеленило не треба да се планира градба, за подигање на високо дворно зеленило.

Растојанието помеѓу поединечните стебла во дрворедот, во зависност од видот односно големината на хабитусот на возрасното дрво може да биде:
- 4,0 – 5,0м за мали и пирамидални дрвја со тесен хабитус,
- 6,0 – 10,0м за средни дрвја,
- 10,0 – 15,0м за големи дрвја.

Потребната широчина на просторот за садење на дрвјата зависи од видот на дрвото односно од површината на длабока почва целица без каква и да е инфраструктура за развој на кореновиот систем. Просторот потребен за:
- дрвја со тесни крошни е 2,5 – 3,0м,
- дрвја со широка крошна е 3,5 – 4,5м.

Оската на дрворедот треба да биде оддалечена од рабникот на тротоарот односно од коловозот најмалку 0,7м, а оптимално 1,0м – 1,5м

Оската на дрворедот треба да биде оддалечена од подземните водови и градби на комуналната инфраструктура најмалку 1,5м, а оптимално 2,0м.

Доколку местото за садница односно дрво во тротоарот е со квадратна форма, отворот во пешачката површина треба да има димензии од 0,9/0,9 до 1,2/1,2м, а доколку е со кружна форма нејзиниот дијаметар треба да е од 0,9 до 1,2м.

Хоризонталната заштита на местото за садници е секогаш во исто ниво со пешачката површина околу него, заради обезбедување на непречено движење на пешаци и лица со инвалидитет и намалена подвижност.

Видот и својствата на живото зеленило ќе се уредуваат при спроведување на урбанистички план со урбанистички проекти.

9.5. МЕРКИ НА ЗАШТИТА НА НЕДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Согласно податоците од Министерството за култура на РСМ - Управа за заштита на културното наследство (допис бр.17-2423/2 од 14.12.2021), во рамките на планскиот опфат постојат заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, односно црквата „Св.Атанасие".

За таа цел, од страна на НУ Завод за заштита на споменици на култура и музеј – Битола направен е увид и се изработени Заштитно-козерваторски основи.

6.4.1. МЕРКИ НА ЗАШТИТА

ВАЛОРИЗАЦИЈА

Валоризацијата која следува во прилог е изготвена врз основа на теренските истражувања за потребите за изработка на урбанистичкиот план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци.

Со оваа валоризација, се врши усогласување со постојните законски прописи, според усвоената методологија со Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културното наследство.
Валоризација во опфатот на Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, се однесува на постојната ситуација. На подрачјето на опфатот се предлага црквата „Св. Атанасиј"да се стекне со статус предлог на заштитено добро.

Р. бр. 1.	 
назив	Црква Св.Атанасиј с.Новаци
локација	Село Новаци
адреса	Село Новаци
катастарска парцела	КП 1500
опис на содржините	црква
граници	Во границите на КП 1500
површина на добро	133м2 (габарит)
Автор	Непознат
време на настанување	Живописана 1868 год. градена во прва половина на 19 век.

Образложение
Архитектонско стилски особености:
Црквата Св.Атанасиј во С.Новаци е главна селска црква и се наоѓа во западниот дел на селото во непосредна близина на основното училиште.Градбата на црквата има правоаголна основа со полукружна апсида на источната страна.Главниот влез се наоѓа

на западната страна и над него има ниша со фреска на кој е представен Св.Атанасиј.На западната страна има отворена припрата,а западниот зид од надворешната страна околу главниот влез во целост е живописан.Црквата има и спореден влез на јужната страна.Камбанаријата се издига над северозападниот агол од црквата на која има по еден правоаголен прозорец на секоја страна.Објектот е обоен во бела боја со ниско црно цокле и е покриен со ќерамиди.
Во дворот на црквата се наоѓаат и други помошни објекти градени за потребите на населението како трпезарија,базен за верски обреди,камбанарија и гроб.Црквата е градена во прва половина на 19 век а е живописана во 1868 година запишана над бочниот влез во црквата.
Внатрешноста на црквата како и нејзиниот живопис (кој е карактеристичен за цркви градени во овој период) се доста оштетени како резултат на нејзино неодржување влага и други влијанија како и земјотреси кои го погодувале и го погодуваат овој регион па во иднина потребно е да се превзематмерки на заштита на истиот ,а во согласност со важечката законска регулатива.

конструктивен систем и употребени материјали
Масивен систем на градба
претходни интервенции
на објектот предходно е интервенирано
поранешна и сегашна намена
Црква
степен на зачуваност
Лоша
Контактна зона на црквата Св.Атанасиј - со статус предлог се КП
1499 и 1498 / парцела на училиштето /
Контактната зона ги има следните граници:
☐ север КП 1504; 1505; 1497
☐ запад КП 1507; 1501; 1502
☐ исток - југ осовина на ул.со КП 1491
☐ југ осовина КП 2007
Напомена:
Согласно на Законот за заштита на културното наследство за предложениот
објект, во законскиот рок, ќе бидат изработени единечни елаборати за валоризација.

Контактна зона во село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28 - со статус предлог

Контактна зона на црквата Св.Атанасиј - со статус предлог се КП 1499 и 1498 / парцела на училиштето /
Контактната зона ги има следните граници:
☐ север КП 1504; 1505; 1497
☐ запад КП 1507; 1501; 1502
☐ исток - југ осовина на ул.со КП 1491
☐ југ осовина КП 2007

Заклучок
За објектот со статус предлог, согласно извршена валоризација, се предлага категорија - Значајно културно наследство.

РЕВАЛОРИЗАЦИЈА

На подрачјето на опфатот нема објекти, ни археолошки локалитет за ревалоризација**.**

КАТЕГОРИЗАЦИЈА
(според извршна валоризација)

За црквата „Св.Атанасиј",во село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, согласно извршена валоризација, се предлага категорија *значајно културно наследство.*

РЕЖИМ НА ЗАШТИТА

Зони на заштита

Во просторот на опфатот, заради обезбедување на состојбата на културното наследство, со дефинирање на заштитен режим се утврдуваат
следните зони на заштита:
☐ Во опфатот на УП за село Новаци за КП 1500 / локација на црква Св. Атанасиј со статус на предлог / и контактната зона се предлага - ЗОНА НА ОГРАНИЧЕНА (гарантирана) ЗАШТИТА.

СТЕПЕНИ НА ЗАШТИТА

за подрачјето на опфатот на УП за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28

☐ Во опфатот на УП за село Новаци, за КП 1500 / локација на црква Св. Атанасиј со статус на предлог / се пропишува втор (2) степен на заштита.
☐ За контактната зона се пропишува трет (3) степен на заштита.
Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се
почитуваат следните општи мерки на заштита:
- Сите превземени мерки на заштита во опфатот се одредуваат според вредностите дефинирани со валоризација и категоризација на објектите, и се изведуваат под надзор од надлежната институција.
- Ревитализацијата е определена во зависност од пропишаниот режим на заштита, а на нови функции се сообразува според можностите на зоната.
- На постојните зони и тоа : КП 1500 - локација на црква Св. Атанасиј со статус на предлог, и контактната зона / во опфатот на село Новаци / не се дозволени никакви интервенции без заштитно-конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство во согласност со Законот за заштита на културното наследство.
- На постојниот објект на црквата Св. Атанасиј кој се наоѓа во КП 1500 на заштитената зона и е предвиден да добие статус на заштитено добро, не се дозволени никакви интервенции без согласност на надлежна институција.
- При обликувањето на надворешниот изглед на објектите, во опфатот на заштитеното подрачје да се користат природни и автентични материјали, а се препорачува и користење на традиционалните начини на градба.
- При планирањето на било каква припремна градежна активност, како законска одредба согласно чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник
на РМбр.20/04г.) во случај ако се откријат културни слоеви и наоди од претходно живеење, веднаш да се извести надлежната установа /НУ Завод и музеј - Битола/. Од аспект на заштита на културното наследство подрачјето на опфатот кое подлежи под (2) втор степен на заштита, треба да се почитуваат следните насоки:
☐ Режимот на заштита од втор (2) степен, се однесува на објектот на црквата Св. Атанасиј, категоризиран како значајно културно наследство, во зоната на ограничена, односно гарантирана заштита. На објектот црква Св. Атанасиј се дозволува конзервација, реставрација, реконструкција на одредени делови и санација, согласно законската регулатива
☐ Работите на непосредна заштита не смеат да бидат во спротивност со целите на заштитата и изворниот карактер на добрата.
☐ При изработката на Урбанистички план за с.Новаци, во посебните одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата во зоните на заштита, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство.
☐ Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши ревалоризација на локалитетот, со утврдување на

- Режимот на заштита од (3) трет степен, подразбира ограничувања во поглед на габаритот и катната висина на објектите во контактната зона како и прилагодување на архитектонскиот израз кон наследената рурална архитектура и традиционалните материјали и техники на градба.
- Преземањето на мерки на непосредна заштита на постојните објекти во состав на контактната зона се врши врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната установа за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Поединечни заштитени добра
(режим на заштита од втор степен)

Со режимот на заштита од втор (2) степен, се предлагаат мерки на зачувување на постојната сосотојба и секој друг вид директна интервенција на заштитените добра што се преземаат во јавен интерес според чл.11 точ.27 од од Законот за заштита на културното наследство.
Согласно Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно - конзерваторските основи за културно наследство (Сл.В.РМ бр.113/2021) со пропишаните интервенции се планира постојната структура да се зачува во постојна состојба.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

ТАБЕЛА 1 - ПОДЕЛБА НА БЛОКОВИ	
Блок	површина (ha)
1	6.44
2	9.55
3	9.40
4	7.58
5	4.78
6	2.38
7	7.18
8	8.90
9	8.02
10	2.21
11	9.27
12	4.96
13	2.77
14	4.13
15	5.72
16	10.49
17	9.52
18	5.10
19	3.08
20	4.26
21	3.81
22	1.79
23	3.55
24	1.73
25	4.58
26	1.64
27	9.69
28	2.89
ВКУПНО	**155.41**

ТАБЕЛА 2 - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА НАМЕНИ ВО БЛОКОВИ			
	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 1	**А - домување** **А1** - домување во куќи	4.16	64.53%
	Б - комерцијални и деловни намени **Б2.6** – Големи хали и магацини за потребите на трговијата	0.62	9.56%
	В - јавни дејности и институции **В7.3 - полициска станица**	0.65	10.11%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д2** - заштитно зеленило	0.05	0.76%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури **Е1.11 –**инфраструктури за одводнување	0.91 0.05	15.03%
ВКУПНО		**6.44**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 2	**А - домување** **А1** - домување во куќи	7.91	82.84%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д2** - заштитно зеленило	0.22	2.33%
	Е - инфраструктура **Е1** – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури **Е1.11 –**инфраструктури за одводнување	0.93 0.48	14.83%
ВКУПНО		**9.55**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 3	**А** - домување **А1** - домување во куќи	7.77	82.63%
	Б - комерцијални и деловни намени **Б2** – големи единици за трговија	0.15	1.65%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д2** - заштитно зеленило	0.17	1.80%
	Е - инфраструктура **Е1** – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури **Е1.11 –**инфраструктури за одводнување	0.88 0.43	13.92%
ВКУПНО		**9.40**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 4	**А - домување** **А1** - домување во куќи	6.62	87.31%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д2** - заштитно зеленило	0.12	1.62%
	Е - инфраструктура **Е1** – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури **Е1.11 –**инфраструктури за одводнување	0.71 0.13	11.07%
ВКУПНО		**7.58**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 5	**А - домување** **А1** - домување во куќи	2.88	60.32%
	Б - комерцијални и деловни намени **Б1** - Мали единици за комерцијални и деловни дејности	0.12	2.56%
	В - јавни дејности и институции **В2.9 -** Згради за ветеринарна заштита	0.19	4.06%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д1** - парковско зеленило **Д2** - заштитно зеленило	0.04 0.26	6.31%
	Е - инфраструктура **Е1** – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури **Е1.7**–топловодна постројка **Е1.11** –инфраструктури за одводнување	1.01 0.03 0.24	26.75%
ВКУПНО		**4.78**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 6	**Г - рударство, енергетика, индустрија** **Г2 –** Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија **Г3 –** индустрија за склопување на финални производи **Г4** – стоваришта, складови	1.47	61.60%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д2** - заштитно зеленило	0.18	7.56%
	Е - инфраструктура **Е1** – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури **Е1.11 –**инфраструктури за одводнување	0.58 0.16	30.83%
ВКУПНО		**2.38**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 7	**Г - рударство, енергетика, индустрија** **Г2 –** Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија **Г3 –** индустрија за склопување на финални производи **Г4** – стоваришта, складови	4.01	55.81%
	Б - комерцијални и деловни намени **Б2.6** – Големи хали и магацини за потребите на трговијата	1.36	18.94%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д2** - заштитно зеленило	1.01	14.02%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури **Е1.8 -** трансформаторска станица **Е1.11 –**инфраструктури за одводнување	0.78 0.01 0.02	11.23%
ВКУПНО		**7.18**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 8	**А - домување** **А1** - домување во куќи	7.53	84.67%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д2** - заштитно зеленило	0.18	2.02%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	1.18	13.31%
ВКУПНО		**8.90**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 9	**Г - рударство, енергетика, индустрија** **Г2 –** Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија **Г3 –** индустрија за склопување на финални производи **Г4** – стоваришта, складови	6.20	77.28%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д2** - заштитно зеленило	0.59	7.40%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури **Е1.8 -** трансформаторска станица **Е1.11 –**инфраструктури за одводнување	1.05 0.02 0.16	15.32%
ВКУПНО		**8.02**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 10	**А - домување** **А1** - домување во куќи	1.68	76.29%
	Б - комерцијални и деловни намени **Б1** - Мали единици за комерцијални и деловни дејности	0.26	11.84%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.26	11.87%
ВКУПНО		**2.21**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 11	**А - домување** **А1** - домување во куќи	4.92	53.11%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д2** - заштитно зеленило	0.05	0.57%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури **Е1.13 –** Површински соларни и фотоволтаични електрани	0.44 3.86	46.32%
ВКУПНО		**9.27**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 12	**А - домување** **А1** - домување во куќи	4.30	86.71%
	Б - комерцијални и деловни намени **Б2** – големи единици за трговија	0.12	2.40%
	Е - инфраструктура **Е1** – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.54	10.89%
ВКУПНО		**4.96**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 13	**А - домување** **А1** - домување во куќи	2.58	93.24%
	Е - инфраструктура **Е1** – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.19	6.76%
ВКУПНО		**2.77**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 14	**А - домување** **А1** - домување во куќи	3.72	90.05%
	Е - инфраструктура **Е1** – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.41	9.95%
ВКУПНО		**4.13**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 15	**А** - домување **А1** - домување во куќи	5.13	89.81%
	Е - инфраструктура **Е1** – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.58	10.19%
ВКУПНО		**5.72**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 16	**А - домување** **А1** - домување во куќи	8.41	80.11%
	Б - комерцијални и деловни намени **Б1** - Мали единици за комерцијални и деловни дејности **Б4** - Деловни и комерцијални дејности	0.05 0.11	1.45%
	В - јавни дејности и институции **В4.8 -** Згради на органите на локалната самоуправа	0.26	2.45%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д2** - заштитно зеленило	0.21	2.00%
	Е - инфраструктура **Е1** – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	1.47	14.00%
ВКУПНО		**10.49**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 17	**А - домување** **А1** - домување во куќи	8.91	93.55%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.61	6.45%
ВКУПНО		**9.52**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 18	**А - домување** **А1** - домување во куќи	4.43	86.89%
	Б - комерцијални и деловни намени **Б1** - Мали единици за комерцијални и деловни дејности	0.07	1.40%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.60	11.71%
ВКУПНО		**5.10**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 19	**А - домување** **А1** - домување во куќи	2.32	75.48%
	В - јавни дејности и институции **В2.8** - детска градинка **В3.6** - дом на култура	0.10 0.10	6.17%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д1** - парковско зеленило	0.05	1.74%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.51	16.61%
ВКУПНО		**3.08**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 20	**А - домување** **А1** - домување во куќи	3.83	90.01%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.43	9.99%
ВКУПНО		**4.26**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 21	**А** - домување **А1** - домување во куќи	3.50	91.82%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.31	8.18%
ВКУПНО		**3.81**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 22	**А - домување** **А1** - домување во куќи	1.36	75.93%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.43	24.07%
ВКУПНО		**1.79**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 23	**А - домување** **А1** - домување во куќи	2.39	67.35%
	В - јавни дејности и институции **В1.1** - основно образование **В5.1** - црква	0.36 0.19	15.32%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д1** - парковско зеленило	0.11	3.22%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури **Е2.1** - бензинска пумпа	0.42 0.08	14.11%
ВКУПНО		**3.55**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 24	**Б - комерцијални и деловни намени** **Б6.3 –** Повеќенаменски сали за спортови	0.50	28.98%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д3.1 –** спортски терени на отворено **Д2** - заштитно зеленило	0.89 0.07	55.16%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.27	15.86%
ВКУПНО		**1.73**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 25	**А** - домување **А1** - домување во куќи **А3.3** - згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица	3.27 0.31	78.33%
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори **Д3.1 –** спортски терени на отворено	0.06	1.39%
	Е - инфраструктура **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.93	20.28%
ВКУПНО		**4.58**	**100.00%**

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 26	**Г - рударство, енергетика, индустрија** **Г2 –** Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија **Г3 –** индустрија за склопување на финални производи **Г4 –** стоваришта, складови	1.25	75.96%
